**МИНИСТЕРСТВО ЗА СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА, ДЕМОГРАФИЈА И МЛАДИ**

# Годишен извештај

# за преземените активности и постигнатиот напредок во воспоставувањето еднакви можности на жените и мажите во Република Северна Македонија во 2024 година

ЈУНИ, 2025 ГОДИНА

***СОДРЖИНА***

I. Вовед и приоритети на Владата на Република Северна Македонија во областа на еднаквите можности

II. Анализа на состојбата и реализирани активности во областа на еднаквите можности на жените и мажите, на национално и на локално ниво, во Република Северна Македонија за 2024 година, по клучни области, според последните официјални податоци

a) Родово базирано насилство

b) Трговија со луѓе

c) Родово одговорно буџетирање

III. Медиуми

IV. Механизми на заштита

V. Развој на родовата еднаквост на локално ниво

VI. Заклучоци и препораки

Прилог: Анекс-листа на ОДУ и на ЕЛС кои доставиле годишни извештаи за 2024 година до Министерството за труд и социјална политика

***<u>Листа на кратенки</u>***

| | |
|---|---|
| АВМУ | АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ |
| АВРСМ | АГЕНЦИЈА ЗА ВРАБОТУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА |
| АППРСМ | АГЕНЦИЈА ЗА ПОДДРШКА НА ПРЕТПРИЕМНИШТВОТО ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА |
| ГМП | ГАРАНТИРАНА МИНИМАЛНА ПОМОШ |
| ГИЗ | ГЕРМАНСКО ДРУШТВО ЗА ИНТЕРНАЦИОНАЛНА СОРАБОТКА |
| ДЗС | ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА СТАТИСТИКА |
| ЕЗС | ЕВИДЕНТИРАНИ ЗЕМЈОДЕЛСКИ СТОПАНСТВА |
| ЕЛС | ЕДИНИЦА НА ЛОКАЛНА САМОУПРАВА |
| ЕРЗС | ЕДИНСТВЕН РЕГИСТАР ЗА ЗЕМЈОДЕЛСКИ СТОПАНСТВА |
| ЗЕМЖМ | ЗАКОН ЗА ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ НА ЖЕНИТЕ И МАЖИТЕ |
| ИЈЗ | ИНСТИТУТ ЗА ЈАВНО ЗДРАВЈЕ |
| ИПАРД | ИНСТРУМЕНТ ЗА ПРЕТПРИСТАПНА ПОМОШ ЗА РУРАЛЕН РАЗВОЈ |
| ИТ | ИНФОРМАТИЧКА ТЕХНОЛОГИЈА |
| КЕМ | КОМИСИЈА ЗА ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ |
| КСЗД | КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА |
| ИОМ | МЕЃУНАРДОНА ОРГАНИЗАЦИЈА ЗА МИГРАЦИЈА |
| МВР | МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ |
| МЗШВ | МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО |
| МНР и НТ | МИНИСТЕРСТВО ЗА НАДВОРЕШНИ РАБОТИ И НАДВОРЕШНА ТРГОВИЈА |
| МОН | МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА |
| МСПДМ | МИНИСТЕРСТВО ЗА СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА, ДЕМОГРАФИЈА И МЛАДИ |
| МСП | МАЛИ И СРЕДНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА |
| НАП | НАЦИОНАЛЕН АКЦИСКИ ПЛАН |
| НРС | НАЦИОНАЛНА РАЗВОЈНА СТРАТЕГИЈА |
| ОДУ | ОРГАНИ НА ДРЖАВНА УПРАВА |
| КИП | ПРОГРАМА ЗА КОНКУРЕНТНОСТ, ИНОВАЦИИ И ПРЕТПРИЕМНИШТВО |
| УНДП | ПРОГРАМА ЗА РАЗВОЈ НА ОБЕДИНЕТИТЕ НАЦИИ |
| УН ВОМЕН | ТЕЛО НА ОБЕДИНЕТИТЕ НАЦИИ ЗА РОДОВА ЕДНАКВОСТ И ЈАКНЕЊЕ НА ЖЕНИТЕ |
| РА | РАДИОСТАНИЦА |
| РИД | СЕМЕЈНО ОРИЕНТИРАНА РАНА ИНТЕРВЕНЦИЈА ВО ДЕТСТВОТО |
| РСМ | РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА |
| РОБ | РОДОВО ОДГОВОРНО БУЏЕТИРАЊЕ |
| СН | СЕМЕЈНО НАСИЛСТВО |
| ССО | СРЕДНО СТРУЧНО ОБРАЗОВАНИЕ |
| ТВ | ТЕЛЕВИЗИЈА |
| ТСЛ | ТРГОВИЈА СО ЛУЃЕ |
| ФЗОРСМ | ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА |
| UNFPA | ФОНД ЗА НАСЕЛЕНИЕ НА ОБЕДИНЕТИТЕ НАЦИИ |
| ЦССО | ЦЕНТАР ЗА СРЕДНО СТРУЧНО ОБРАЗОВАНИЕ |
| ЦУК | ЦЕНТАР ЗА УПРАВУВАЊЕ СО КРИЗИ |

## I. ***Вовед и приоритети на Владата на Република Северна Македонија во областа на еднаквите можности***

Министерство за социјална политика, демографија и млади го подготви овој Годишен извештај во согласност со член 12, став 1, алинеја 14, од Законот за еднакви можности на жените и мажите („Службен весник на РМ“ 201/2015).

Родовата еднаквост претставува фундаментално човеково право и клучен предуслов за одржлив и инклузивен развој на секое општество. Иако се постигнати значајни чекори кон намалување на родовите нееднаквости, сепак, жените и девојките, како и други маргинализирани родови групи, сѐ уште се соочуваат со системски бариери, дискриминација и нерамноправен пристап до ресурси, можности и одлуки.

Оваа стратегија има за цел да воспостави јасна рамка за унапредување на родовата еднаквост преку интегрирање на родовата перспектива во сите области на дејствување – од образование, здравство и вработување, до политичко учество и безбедност. Со поставување на конкретни цели, мерки и индикатори, стратегијата ќе обезбеди долгорочен и системски пристап во надминување на родовите нееднаквости и изградба на праведно и инклузивно општество за сите.

Унапредувањето на еднаквите можности за жените и мажите претставува стратешка цел за демократскиот развој, социјалната кохезија и економскиот напредок на Република Северна Македонија. Обезбедувањето на родова еднаквост е не само законска обврска, туку и морална должност во градењето праведно општество во кое секој граѓанин, без разлика на полот, има еднаков пристап до права, ресурси и можности.

Република Северна Македонија има широка правна рамка за промовирање и воспоставување еднакви можности на жените и мажите која овозможува унапредување на положбата на жената во сите сфери на општественото живеење.

За спроведување на политиката, како на локално ниво така и на национално ниво, воспоставени се институционални механизми кои како надлежни субјекти, се одговорни за преземање активности во својот ресор, со кои се унапредуваат и се промовираат еднаквите можности за жените и мажите.

**Националната развојна стратегија 2024-2044 година (НРС)**[1] е водечки документ со кој се дефинираат главните национални развојни цели, стратешки области и приоритети за забрзан, инклузивен, рамномерен, родово-еднаков и одржлив развој на Република Северна Македонија. Во неа родовата еднаквост е вградена како *стратегиска вредност и предуслов* за постигнување на одржлив и инклузивен развој. Нејзината реализација бара родово одговорно креирање политики, буџетирање и активно вклучување на жените во сите сфери на општеството. Националната развојна стратегија промовира *инклузивност, еднаквост и социјална правда* како темелни вредности. Во тој контекст, *родовата еднаквост* се препознава

[1] „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 30/24

како основен елемент за елиминирање на структурните нееднаквости, особено во пристапот до образование, вработување, здравство и учество во одлучувањето.

Стратегијата е усогласена со Агендата 2030 на ООН, каде **Цел 5 – Родова еднаквост** е една од клучните цели. Тоа значи дека државата се обврзува да го интегрира родовиот аспект хоризонтално во сите сектори и развојни политики.

Во стратегијата, родовата еднаквост е поставена не само како специфична цел, туку и како **хоризонтален приоритет**, што значи дека треба да се земе предвид при планирањето, спроведувањето и евалуацијата на сите политики и програми – од економскиот раст, преку животната средина, до дигиталната трансформација.

Стратегијата поттикнува употреба на **родово раздвоени податоци и анализи** како основа за информирано носење политики, што е особено важно за ефективно следење на напредокот и влијанието врз различни групи на жени и мажи.

Преку предвидените мерки за *иновации, претприемништво, зелена економија и дигитализација*, стратегијата создава можности за економско јакнење на жените, особено оние кои се соочуваат со повеќекратна дискриминација (жени од рурални средини, Ромки, самохрани мајки и сл.).

Согласно горе наведеното ова сите надлежни субјекти имаат обврска за унапредување на родовата еднаквост и спроведување на Стратегијата за родова еднаквост 2022-2027 година и Национален акциски план за родова еднаквост 2022-2024 преку годишни Оперативни планови во рамките на своите програми за работа.

## II. **<u>Анализа на состојбата и реализирани активности во областа на еднаквите можности на жените и мажите, на национално и на локално ниво, во Република Северна Македонија, за 2024 година, по клучни области, според последните официјални податоци</u>**

Во овој дел од извештајот фокусот е ставен на анализа на податоците и информациите добиени од националните механизми за родова еднаквост на национално и локално ниво како и од анализа на достапните податоци кои се јавно објавени во различни области и Онлајн Прашалникот за Родова Еднаквост на Национално и Локално Ниво – 2024 спроведен од Министерство за социјална политика, демографија и млади.

Онлајн Анкетниот Прашалник за родова еднаквост на национално и локално ниво е одговорен со вкупно 65 евидентирани записи од кои 46 одговори се од припадници на единиците на локална самоуправа (ЕЛС), додека 29 одговори се од страна на припадници на органите на државната управа (ОДУ).

Во однос на одговори на ОДУ беа евидентирани следните одговори: Програма, Стратегија, акциски план или оперативен план од областа на родовата еднаквост, само 7 одговориле

позитивно во однос на ова прашање. Во врска со реализирано проекти, активности и мерки од областа на родовата еднаквост во текот на 2024 година, 7 припадници на ОДУ одговориле позитивно на ова прашање, а 5 од нивниот буџет имаат и посебна издвоена ставка за финансирање на проекти, активности и мерки. Од вкупно 514 раководни позиции во ОДУ, жени на раководна позиција се 294, додека или 220 се мажи. Од вкупно 40 членови на управни одбори на ОДУ 18 се жени а 22 се мажи.

Генерален секретаријат на Владата согласно Методологијата за стратешко планирање и подготвување на Годишната програма за работа на Владата на Република Северна Македонија („Службен Весник на Република Македонија" бр. 124/08 и 58/18 и „Службен Весник на Република Северна Македонија" бр. 223/19), Упатството за начинот на постапување на министерствата и другите органи на државната управа во процесот на подготвување на Стратешкиот план и Годишниот план за работа („Службен весник на Република Македонија" бр.131/18) во стратешките документи Стратешкиот план 2024-2026 и Годишниот план за 2024 година беа почитувани принципите за еднакви можности.

Генералниот секретаријат на Владата се грижи за еднаков третман на вработените (жени/мажи) при нивното упатување на генерички и/или специјализирани обуки од соодветните области односно се грижи за доследна примена на мерките за воспоставување еднакви можности на жените и мажите во делот на стручното усовршување и оспособување.

Во Генералниот секретаријат на Владата во 2023 година од вкупниот број на вработени 62,29% се жени, 37,71% се мажи, додека пак во 2024 година 62,77% се жени, а 37,23% се мажи, односно бројот на жени се зголемил за 0,48%. Подетални податоци од аспект на родовата застапеност по одделни звања од вкупно 231 вработени, најголема застапеност на жени имаме со звање раководител на сектор дури 75%.

Континуирано унапредување на родовата еднаквост овозможува Ресурсен центар за родово одговорно креирање на политики и буџетирање кој функционира во Министерството за социјална политика, демографија и млади, во рамките на Секторот за еднакви можности, Одделението за родови одговорни политики и родово одговорно буџетирање.

Согласно Годишниот план и програма за работа на Ресурсниот центар за родово одговорно креирање на политики и буџетирање за 2024 година, организирани се обуки во областа на родово одговорно буџетирање, недискриминација и спречување и заштита од насилство врз жените и семејно насилство. Беа предвидени 15 обуки, спроведени се 12 обуки или 80% од планираните. Вкупно учесници на овие 12 обуки биле 378 лица, од кои 332 се жени и 46 мажи. Во просториите на Ресурсниот центар, според Годишниот план и програма за работа на Ресурсниот центар за креирање на родово одговорни политики и буџетирање за 2024 одржани се 9 од 12-те обуки на кој учествувале 163 лица од кои 143 се жени и 20 мажи. Дополнително во просториите на Ресурсниот центар одржани се уште 9 обуки/работилници на кој учествувале 129 лица од кој 122 жени и 7 мажи. Во просториите на Ресурсниот центар одржани се вкупно 18 обуки, на кој учествувале 292 лица од кои 265 се жени и 27 мажи. Сумирано, според Годишниот план и програма за работа на Ресурсниот центар за креирање на родово одговорни политики и родово одговорно буџетирање за 2024 реализирани се 12 обуки и надвор од планот организирани се уште 9 обуки/работилници или вкупно 21 обука/работилница на кои

учествувале вкупно 507 лица, од кои 454 жени и 53 мажи. За Ресурсниот центар постои и веб страна https://mtspresursencentar.mk

Државниот завод за ревизија согласно својата годишна програма за 2024 година спроведе Ревизија на успешност на тема ,,Родовата еднаквост на жените од руралните средини преку нивната инклузија на пазарот на трудот,,. Темата за ревизија е значајна од аспект на тоа да се оцени дали преземените мерки и проекти од надлежните институции на централно ниво се ефикасни за вклучување на жените од руралните средини на пазарот на трудот, со цел ефективно учество во економскиот и социјалниот развој на руралните средини.

Како заклучок од ревизијата се истакнува дека „мерките и активностите за родова еднаквост на жените од руралните средини преку нивна инклузија на пазарот на трудот кои се преземат од страна на државните институции не се доволно ефикасни и ефективни со цел вклучување на жените од руралните средини на пазарот на трудот и задржување во руралните средини. Стереотипите и дискриминацијата мора да бидат елиминирани, руралната жена сака, може и знае како да ја осигура својата иднина, да стане успешен претприемач, да изгради подобро утре за целокупниот општествен напредок“[1]

Агенција за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер - тргнувајќи од обврската и одговорноста на државните структури и јавните функционери да извршат интегрирање на родовата перспектива и да ги постигнат целите на политиките за родова еднаквост, Агенцијата од 2024 година, во своето работење ја воведува родово сензитивната отчетност. Во однос на поднесени жалби во 2024 година, 144 жалби се поднесени од жени и 210 жалби поднесени се од мажи.

Агенција има подеднаков пристап кон сите поднесени барања за слободен пристап до информациите од јавен карактер, доставени претставки, изјавени жалби, не постои дискриминација врз основа на пол.

Агенција за катастар на недвижности - води статистики и евиденција за бројот на жени запишани со право на сопственост, број на жени - овластени геодети (од вкупниот број на геодети 55 се жени или 24%, додека мажи се 76% или 179 овластени геодети ), бројот на жени вработени во агенцијата, Материјалите и публикациите со кои располага АКН а се однесуваат на родовата еднаквост се објавуваат на веб страна на АКН http://www.katastar.gov.mk/родова-еднаквост/.

Центар за управување со кризи - Постигнат напредок во делот на подигање на свеста за принципите на родовата еднаквост, застапеност и вклучување на родовите перспективи со изработка на родово разделени статистички податоци. Во годишниот извештај на Центарот за управување со кризи за 2024 година, се изработени статистички податоци за родова застапеност на пријавени настани во единствениот број за итни повици 112. Согласно меѓународните стандарди за итни повици, повикувачите не се прашуваат за пол. Податоците за пол во системот Е-112 се извадени по лична процена на операторите (приматели на повици). Од статистичките податоци за креирани CFS (настани) според родова застапеност во системот за итни повици Е-

[1] Конечен извештај за извршената Ревизија на успешноста на тема ,, Родовата еднаквост на жените од руралните средини преку нивната инклузија на пазарот на трудот“ . Државен завод за ревизија: април 2024, Скопје.

112, вкупно 32,84% се жени и 67,16% се мажи. Најголем број од повиците се за Полиција од кои 21,40% се жени и 50,43% се мажи.
ТПЦ Винојуг - Гевгелија и ТПЦ Табановце - Куманово функционираат како специјализирани центри од ЦУК, истите доставуваат редовни и вонредни извештаи за број на мигранти и барања за азил со родово поделени податоци со што се овозможува поддршка на специфични потреби од државните органи и меѓународните организации. Од податоците за 2024 година, поголемиот број на мигранти биле мажи.

## ***<u>Економија и пазар на труд</u>***

Според податоците на Државниот завод за статистика, во 2024 година, вкупно работоспособно население во Република Северна Македонија изнесува 1 515 306 од кои активно население на пазарот на труд се 792 779 лица, од кои 694 506 се вработени а 98 273 лица се невработени. Стапката на активност во овој период изнесува 52.3 %, стапката на вработеност изнесува 45,8 %, додека стапката на невработеност изнесува 12,4 %.

Споредено со 2023 година, имаме намалување на стапка на невработеност од 13,1 % на 12,4 %.[2]

**Т-01: Активно население и стапки на активност[3]**

| | Вкупно работоспособно население | Активно население | | | Стапка на активност | Стапка на вработеност | Стапка на невработеност |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | вкупно | вработени | невработени | | | |
| **2023** | **1 515 107** | **791 647** | **688 296** | **103 351** | **52,3** | **45,4** | **13,1** |
| **2024** | **1 515 306** | **792 779** | **694 506** | **98 273** | **52,3** | **45,8** | **12,4** |

Кога станува збор за економијата, како и пазарот на труд во Република Северна Македонија во 2024 година, Државниот завод за статистика направи анализа на работоспособното население според економската активност, по возрасни групи и по пол.

Во Република Северна Македонија согласно податоците доминантна возрасна група од 25-49 се вработени мажи и истата возрасна група доминира и кај невработените мажи додека како доминантно неактивни се мажите од возрасна група 50-64 години Нема разлика во однос на жените и доминантните возрасни групи. Овде се забележува тренд на големата разлика и високата стапка на неактивност на пазар на труд на жените од работно способните население односно од 20 до 64 годишна возраст. Овој тренд е повеќегодишен.

[2] **https://www.stat.gov.mk/pdf/2025/2.1.25.04_mk.pdf**

[3] https://www.stat.gov.mk/pdf/2025/2.1.25.04_mk.pdf

**Т-03: Работоспособно население според економската активност, по возрасни групи и по пол[4]**

| Возраст | Вкупно работоспособно население | | Активно население | | вработени | | невработени | | Неактивно население | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 2023 | 2024 | 2023 | 2024 | 2023 | 2024 | 2023 | 2024 | 2023 | 2024 |
| | **Вкупно** | | | | | | | | | |
| **Vkupno** | **1 515 107** | **1 515 306** | **791 647** | **792 779** | **688 296** | **694 506** | **103 351** | **98 273** | **723 459** | **722 527** |
| 15-24 | 208 950 | 206 911 | 56 203 | 62 411 | 39 719 | 44 315 | 16 484 | 18 096 | 152 747 | 144 500 |
| 25-49 | 615 393 | 606 653 | 498 105 | 492 253 | 431 425 | 431 787 | 66 680 | 60 466 | 117 287 | 114 400 |
| 50-64 | 374 043 | 370 762 | 229 135 | 226 918 | 209 029 | 207 878 | 20 106 | 19 041 | 144 908 | 143 844 |
| 65 godini i pove}e | 316 721 | 330 980 | 8 203 | 11 196 | 8 122 | 10 526 | : | (670) | 308 517 | 319 783 |
| 15-29 | 321 898 | 315 387 | 144 080 | 146 167 | 108 206 | 111 951 | 35 873 | 34 216 | 177 819 | 169 220 |
| 15-64 | 1 198 386 | 1 184 326 | 783 444 | 781 583 | 680 174 | 683 980 | 103 270 | 97 603 | 414 942 | 402 743 |
| 15-89 | 1 515 107 | 1 515 306 | 791 647 | 792 779 | 688 296 | 694 506 | 103 351 | 98 273 | 723 459 | 722 527 |
| 15-74 | 1 405 572 | 1 398 923 | 790 853 | 791 831 | 687 501 | 693 592 | 103 351 | 98 239 | 614 719 | 607 093 |
| 20-64 | 1 095 787 | 1 083 790 | 777 050 | 773 075 | 676 462 | 678 901 | 100 588 | 94 174 | 318 737 | 310 715 |
| | **Мажи** | | | | | | | | | |
| **Vkupno** | **745 107** | **744 885** | **462 100** | **460 436** | **396 127** | **399 164** | **65 972** | **61 272** | **283 007** | 284 449 |
| 15-24 | 107 172 | 106 262 | 37 059 | 38 674 | 26 429 | 27 240 | 10 630 | 11 434 | 70 113 | 67 588 |
| 25-49 | 310 777 | 307 178 | 281 516 | 277 540 | 240 270 | 241 453 | 41 246 | 36 086 | 29 260 | 29 639 |
| 50-64 | 183 220 | 180 900 | 138 029 | 136 649 | 124 014 | 123 312 | 14 015 | 13 337 | 45 190 | 44 251 |
| 65 godini i pove}e | 143 939 | 150 545 | 5 495 | 7 574 | 5 414 | 7 159 | : | : | 138 444 | 142 971 |
| 15-29 | 165 032 | 162 038 | 87 427 | 86 667 | 64 896 | 65 951 | 22 531 | 20 716 | 77 605 | 75 372 |
| 15-64 | 601 168 | 594 340 | 456 604 | 452 862 | 390 714 | 392 005 | 65 891 | 60 857 | 144 563 | 141 478 |
| 15-89 | 745 107 | 744 885 | 462 100 | 460 436 | 396 127 | 399 164 | 65 972 | 61 272 | 283 007 | 284 449 |
| 15-74 | 698 419 | 695 494 | 461 661 | 460 026 | 395 688 | 398 754 | 65 972 | 61 272 | 236 758 | 235 468 |

[4] https://www.stat.gov.mk/pdf/2025/2.1.25.04_mk.pdf

| | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 20-64 | 548 444 | 542 551 | 452 051 | 447 383 | 387 839 | 388 823 | 64 212 | 58 560 | 96 393 | 95 168 |
| | **Жени** | | | | | | | | | |
| **Vkupno** | **770 000** | **770 421** | **329 547** | **332 342** | **292 168** | **295 342** | **37 379** | **37 001** | **440 453** | **438 078** |
| 15-24 | 101 779 | 100 649 | 19 144 | 23 737 | 13 290 | 17 075 | 5 854 | 6 663 | 82 634 | 76 911 |
| 25-49 | 304 616 | 299 475 | 216 589 | 214 713 | 191 155 | 190 334 | 25 434 | 24 380 | 88 027 | 84 761 |
| 50-64 | 190 824 | 189 862 | 91 106 | 90 270 | 85 015 | 84 566 | 6 091 | 5 704 | 99 718 | 99 593 |
| 65 godini i pove}e | 172 782 | 180 435 | 2 708 | 3 622 | 2 708 | 3 367 | - | : | 170 073 | 176 813 |
| 15-29 | 156 866 | 153 349 | 56 653 | 59 500 | 43 310 | 46 000 | 13 343 | 13 499 | 100 213 | 93 849 |
| 15-64 | 597 219 | 589 986 | 326 839 | 328 720 | 289 460 | 291 974 | 37 379 | 36 746 | 270 379 | 261 265 |
| 15-89 | 770 000 | 770 421 | 329 547 | 332 342 | 292 168 | 295 342 | 37 379 | 37 001 | 440 453 | 438 078 |
| 15-74 | 707 153 | 703 429 | 329 192 | 331 804 | 291 813 | 294 837 | 37 379 | 36 967 | 377 961 | 371 625 |
| 20-64 | 547 343 | 541 239 | 324 999 | 325 692 | 288 623 | 290 078 | 36 376 | 35 614 | 222 344 | 215 547 |

| Стапка на активност на населението | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | 2021 | 2022 | 2023 | 2024 |
| Вкупно | 55.8 | 55.2 | 52.3 | 52.3 |
| Мажи | 66.8 | 66.3 | 62.0 | 58,1 |
| Жени | 45.1 | 44.3 | 42.8 | 41,9 |

Според резултатите добиени од анкетата за работна сила во 2024 година, Државниот завод за статистика, исто така, дава информации за населението на територијата на Република Северна Македонија, на возраст од и над 15 години и се карактеризира според економската активност и полот.

| **Т-02: Население на возраст од 15 години и повеќе според економската активност и полот[5]** | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | 2023 | 2024 | | Indeksi |
| | лица | лица | структура по пол | 2024<br>-------<br>2023 |
| **Активно население** | | | | |
| **Вкупно** | **791 647** | **792 779** | **100.0** | **100,1** |
| Мажи | 462 100 | 460 436 | 58,1 | 99,6 |

[5] https://www.stat.gov.mk/pdf/2025/2.1.25.04_mk.pdf

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Жени | 329 547 | 332 342 | 41,9 | 100,8 |
| **Вработени** | | | | |
| **Вкупно** | **688 296** | **694 506** | **100.0** | **100,9** |
| Мажи | 396 127 | 399 164 | 57,5 | 100,8 |
| Жени | 292 168 | 295 342 | 42,5 | 101,1 |
| **Невработени** | | | | |
| **Вкупно** | **103 351** | **98 273** | **100.0** | **95,1** |
| Мажи | 65 972 | 61 272 | 62,3 | 92,9 |
| Жени | 37 379 | 37 001 | 37,7 | 99,0 |
| **Неактивно население** | | | | |
| **Вкупно** | **723 459** | **722 527** | **100.0** | **99,9** |
| Мажи | 283 007 | 284 449 | 39,4 | 100,5 |
| Жени | 440 453 | 438 078 | 60,6 | 99,5 |

**Министерство за социјална политика, демографија и млади заедно со Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија** со Оперативниот план за активните програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот за 2024[6] година се утврдуваат програмите, мерките и услугите за вработување кои ќе обезбедат креирање на нови работни места и зголемување на вработливоста на невработените лица, посебно на младите, долгорочно невработените и корисниците на права  по основ на гарантирана минимална помош.

Правото за учество се определува врз основа на условите и критериумите дефинирани за секоја поодделна програма односно мерка и услуга за вработување, а како општо правило ќе се настојува да се постигне еднаква застапеност на мажи и жени, согласно Законот за еднакви можности на жените и мажите, како и учество на младите лица до 29 години од најмалку 40% во секоја од програмите и мерките и услугите за вработување. Согласно Програмата на Влада на Република Северна Македонија 2022-2024 година ќе се настојува да се постигне зголемување на опфатот на Роми во активните мерки за вработување и услуги со воведување на квота од 5% за опфатеност на Роми.

Со Оперативниот план за 2024 година посебен акцент се става на младите невработени лица до 29 години, долгорочно невработените како и на корисниците на гарантирана минимална помош:

Носител на Оперативниот план е Министерство за социјална политика, демографија и млади, а неговата имплементација е во надлежност на Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија, преку следниве програми, мерки и услуги:

**1. Програмата за самовработување и поддршка** е наменета за невработените лица за да започнат или да формализираат сопствен бизнис, се реализирани следниве мерки: Поддршка

[6] https://av.gov.mk/content/%D0%9E%D0%9F/OP%202024%20so%20logoa.pdf

за самовработување (претприемништво) и Поддршка за самовработување (претприемништво), со што се опфатени 1995 лица а финансиската поддршка изнесува 815.179.873 денари.

**2. Поддршка за креирање на нови работни места** - ке влијае врз поттикнување на вработувањето на невработените лица во микро, мали и средни претпријатија, социјални претпријатија што примарно се насочени кон социјални/општествени цели и чиј профит се реинвестира за остварување на тие цели низ деловно работење или вложување во заедницата или граѓански (непрофитни) организации што се занимаваат со економска активност при вршење на дејностите т.е. активност класифицирана според националната класификација на дејности со која организациите ги остваруваат своите цели утврдени со статутот. Ова мерка има опфат од 1273 невработени лица, а финансиската поддршка изнесува 635.264.000 денари.

Оваа програма се реализира преку следниве мерки Субвенционирање на вработување; вработување и раст на правни субјекти и Поддршка за вработување на лица со попреченост.

**3. Обуки** – имаат цел да ги подобрат вештините и квалификациите на невработените лица за нивна поуспешна интеграција на пазарот на труд, каде што се опфатени 1184 невработени лица со финансиска поддршка од 95.997.745 денари.

Реализирани се следниве мерки: Обука на работно место кај конкретен работодавач; Обука за стручни квалификации според барање на работодавачите; Обуки за побарувани занимања на пазарот на трудот; Обуки за возачи за Ц, ЦЕ и Д категорија; Обука од областа на приватно обезбедување и Обука за специјалист за човечки ресурси (регрутер).

**4. Обуки за развој на дигитални вештини** - Мерката има за цел да се надградат вештините на невработените лица на возраст до 40 години во областа на информациските технологии заради зголемување на нивната конкурентност и побрза интеграција на пазарот на трудот, опфат на мерката 735 невработени лица а финансиската поддршка изнесува 87.281.250 денари.

**5. Практиканство –** има за цел Стекнување практични работни знаења и вештини потребни за извршување работни задачи на одредени работни места, наменета за невработени лица до 29 години со минимум завршено средно образование, опфатот е 1300 лица. Финансиската поддршка изнесува 60.300.000 денари.

**6. Програма за работно ангажирање** која обезбедува социјална вклученост на потешко вработливи лиза заради стекнување на одредени вештини и нивно постепено вклучување на пазар на труд, преку имплементација на општински проекти од инфраструктура и заштита на животна средина на локално ниво. Опфат на мерката е 600 невработени лица со финансиска поддршка од 14.400.000 од кои 2.800.000 денари се од буџетите на општините.

**7. Економија на грижа –** преку оваа програма се обезбедува вклучување на невработени лица заради стекнување на знаења, вештини и компетенции за обезбедување на услуги на грижа во заедницата за работно ангажирање и вработување како формални даватели на услуги во областа на економијата на грижа, согласно потребите на граѓаните на локално ниво. Мерката се реализира преку Општинско корисна работа, со опфат не 500 лица и обука и вработување на лиза за обезбедување услуги на грижа во домот и заедницата со опфат на 150 невработени лица. Вкупната финансиска поддршка изнесува 128.629.978 денари.

**8. Поддршка за креирање на нови работни места преку зелени инвестиции -** со мерката се обезбедува финансиска поддршка на микро, мали и средни претпријатија со цел да се придонесе кон намалување на невработеноста во земјата преку поттикнување на создавањето на нови работни места и на процесот на зелена трансформација на приватниот сектор преку воведување на зелени производи, услуги, технологии или процеси во претпријатијата. Опфат на ова мерка е 158 невработени лица и до 158 микро, мали и средни претпријатија, со финансиска поддршка од 44.928.142 денари.

**9. Исплата на младински додаток –** има за цел поттикнување на вработување на младите лица до 23 години за вработување во дејностите на производството по завршување на средното образование, со што ќе се допринесе до подобрување на нивниот животен стандард со работа и задоволување на потребите на работодавачите со соодветно квалификувана работна сила и ке опфати 3727 млади лица до 23 години. Финансиската поддршка изнесува 114.940.000 денари

**Гаранција на младите лица (15-29 години)** во период од четири месеци по евидентирање во евиденцијата за невработени лица им се понудува вработување, континуирано образование и обука, односно вклучување во некоја од активните програми и мерки за вработување, планираниот опфат е 10 000 млади низ целата територија на државата.

**Активација на корисници на Гарантирана минимална помош (ГМП) -** во реформираниот систем на социјална заштита се предвидува зајакната активација на корисниците на гарантирана минимална помош (ГМП) на начин што работоспособни членови на домаќинството ќе се вклучат во активните програми и мерки за вработување заради подобрување на нивната вработливост и вработување.

**Професионалната рехабилитација и вклучување на пазар на труд на лицата со попреченост** - Ќе се спроведе преку соработка на УНДП, МСПДМ и АВРСМ. Професионалната рехабилитација како модел ќе се постави и спроведува во РЕХА Центарот за професионална рехабилитација и поддршка при вработувањето на лица со попречености во Скопје. Центрите за вработување во соработка и координација со Реха центарот ги реализираат следните услуги и активности: информирање, идентификување и евидентирање на лица со попречености во евиденцијата на невработени лица, вклучување во активни мерки, услуги на посредување при вработување, советување и следење на нивниот статус во процесот од активирање, работно ангажирање и вработување.

**<u>Агенција за поддршка на претприемништвото на Република Северна Македонија (АППРСМ)</u>**

Со Програмата за поддршка на претприемништвото, конкурентноста и иновативноста на малите и средните претпријатија во 2024 година на Агенцијата за поддршка на претприемништвото на Република Северна Македонија, се реализирани следниве програмски активности со родов концепт:

-Во програмската активност Поддршка на Самовработувањето како дел од Оперативниот план во 2024 година реализирани се следните активности:

Од вкупно 1805 бизнис планови изработени од страна на овластените советници за кандидатите во Програмата за самовработување, 1163 бизнис планови се изработени за мажи што претставува 64,43% на учество на мажите во оваа програмска активност, а 642 бизнис планови се изработени за жени, што претставува 35,57% учество на жените во оваа програмска активност. Од вкупно потрошени 25.233.900,00 денари, за бизнис планови за мажи потрошени се 16.258.740,00денари, а за изработка на бизнис планови за жени 8.975.160,00 денари.

| Самовработување 2024 | | | |
|---|---|---|---|
| | Изработени БП | Денари | % |
| Мажи | 1163 | 16.258.740,00 | 64,43% |
| Жени | 642 | 8.975.160,00 | 35,57% |
| Вкупно | 1805 | 25.233.900,00 | 100% |

Програмската активност за ваучерско (субвенционирано) советување нуди поддршка на потенцијалните претприемачи и на постојни претпријатија кои сакаат да реализираат некоја бизнис идеја. Во 2024 година беа реализирани следните активности:

-За мали и средни претпријатија(МСП):

Вкупно се издадени 31 ваучер за 21 клиент на износ од 729.900,00 денари од кои за жени управители издадени се 2 ваучери за 2 клиенти на износ од 30.960,00 денари или 4,24%.

Користени услуги од субвенционирано ваучерско советување од жени управители на фирми се следните: Дејности на советување во врска со работењето и останато управување; Производство на леб; слатки (колачи торти) во свежа состојба и бисквити (кекси),

-За потенцијални претприемачи (невработени лица):

Вкупно се издадени 33 ваучери за 17 клиенти на износ од 326.419,00,00 денари од кои за жени се издадени 20 ваучери за 10 клиенти на износ од 197.899,00 денари или 60,60 %. Користени се услуги за изработка на бизнис план и помош во регистрација на компанија.

Вкупно во ваучерскиот систем на советување издадени се 64 ваучери за 38 клиенти на износ од 1.056.319,00 денари од кои за жени 22 ваучери за 12 клиенти (34,75%).Издадените ваучери се на износ од 228.859,00 или 21,67 %.

Во програмската активност Стандардизирани менторски услуги во 2024 година, според структура на менторирани компании 29% се управувани од жени сопственици, а 71% се управувани од страна на мажи сопственици. Од вкупно потрошени 3.447.781,00 денари и реализирани и спроведени 2535 менторски часа во 2024 година, 300 менторски часа се за фирми управувани од жени, односно за 300 менторски часа потрошени се вкупно 324.000,00 денари.

- Во програмската активност работилници за претприемачко образование – биди претприемач, на 5 одржани работилници земаа учество вкупно 128 ученици и студенти, од кои 29% машки слушатели и 71% женски слушатели. Потрошени вкупно 176.423,00 денари.

- Во програмската активност Обуки за подготовка на бизнис план, на 8 одржани обуки земаа учество вкупно 177 ученици и студенти, од кои 34% машки слушатели и 66% женски слушатели. Потрошени вкупно 174.273,00 денари

- Во програмската активност Обуки за наставници/професори кои го предаваат предметот претприемништво и бизнис, на 4 одржани обуки земаа учество вкупно 65 наставници и професори, односно според родова структура 25,4% беа од машки пол, а 74,6% беа од женски пол. Потрошени вкупно 147.600,00 денари.

- Во програмската активност Организирање на обуки за подигање на свеста за дигитализација на малите и средните претпријатија, на 6 одржани обуки вкупно беа 94 присутни слушатели и според родова структура 41,2% беа машки, а 58,8% беа женски. Потрошени вкупно 283.200,00 денари.

Обуки за женско претприемништво - Од вкупно 40 присутни на две реализирани обуки според родова структура сите беа жени, а за оваа програмска активност потрошени се вкупно 89.800,00 денари.

- Во програмската активност Организирање на обуки за локални консултанти, на одржани 3 обуки вкупно беа 49 присутни слушатели и според родова структура од кои 25 жени (51%) и 24 мажи (49%).Потрошени вкупно 177,000,00 денари.

***<u>Министерство за Економија и труд</u>***

Министерство за Економија и труд принципот на еднакви можности го инкорпорира во Стратешкиот план 2025-2027 година, и се залага за зајакнување на спроведувањето на родовиот аспект преку воведување на стимулативни критериуми при реализација на мерките од секторските Програми на министерството.

Од голема важност е информирањето и едукацијата на граѓаните за можностите кои се нудат во однос на субвенции, како и подигање на јавната свест во однос на родовата еднаквост.

Рамноправност во поглед на учество на пазарот на трудот Министерството за економија обезбеди преку стимулативни критериуми во Мерка 1- субвенционирање на микро, мали и средни претпријатија од Програмата за развој на претприемништвото и конкурентноста на мали и средни претпријатија за 2024 година, за која има стимулативен критериум доколку апликант е претпријатие во сопственост и управувано од жена.

Водење на родово разделени податоци во однос на одобрени апликации за останатите мерки согласно Програмата за развој на претприемништвото и конкурентноста на мали и средни претпријатија за 2024 година.

Со Програмата за развој на претприемништвото и конкурентноста на мали и средни претпријатија за 2024 година кофинансирани се трошоци по разни основи на вкупно 266 апликанти од кои вкупно 63 претпријатија во сопственост и управувани од жени.

Во Јавниот повик за Мерка 1. Финансиска поддршка за микро, мали и средни претпријатија- предмет на јавниот повик е субвенционирање на претпријатија кои вработуваат најмалку две лица, преку кофинансирање на 40% од докажаните трошоци направени за набавка на нови машини, а доколку претпријатието е во сопственост  и управувано од жена треба да вработува најмалку едно лице при што вработеното лице треба да биде сопственик (над 50%) и управител на претпријатието.

Со реализација на Мерка 1. Финансиска поддршка на микро, мали и средни претпријатија субвенционирани се 189 претпријатија, и од вкупниот број на субвенционирани апликанти 38 се претпријатија во сопственост и управувани од жени.

За останатите мерки од Програмата за развој на претприемништвото и конкурентноста на мали и средни претпријатија се водат родово разделени податоци (Табела 1)

| Програми/Мерки | | Број на пристигнати апликации | Вкупно одобрени Апликации | Одобрени апликации - жени |
|---|---|---|---|---|
| Програма за развој на претприемништвото и конкурентноста на мали и средни претпријатија за 2024 година | | 330 | 266 | 63 |
| Мерка 1. | Финансиска поддршка за микро, мали и средни претпријатија | 222 | 189 | 38 |
| Мерка 2. | Субвенционирање трошоци на занаетчии | 43 | 37 | 14 |
| Мерка 4. | Надоместување на дел од трошоците за микро, мали и средни претпријатија за сертификација на системи за квалитет според ИСО стандарди | 10 | 9 | 2 |
| Мерка 5. | Надоместување на дел од трошоците за микро, мали и средни претпријатија за сертификација на ХАЛАЛ систем | 14 | 5 | 1 |
| Мерка 6. | Кофинансирање на проекти за развој и промоција на претприемништвото и занаетчиството, како програмски активности на мрежите на бизнис ангели | 41 | 26 | 8 |

Од буџетот на Министерство за економија и труд, потпрограма ДГ- поддршка на развојот на мали и средни претпријатија, наменети за субвенционирање на микро, мали и средни претпријатија во сопственост и управувани од жени, доделени се 11.143.017 денари.

**Земјоделството и жените во рурални средини**

**Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство**

Националната политика за земјоделство и рурален развој е утврдена во Стратегијата за земјоделство и рурален развој. Со Стратегијата за земјоделство и рурален развој (2021-2027) постигнат е значителен напредок во интегрирањето на родовата еднаквост во стратешко планирање од причина што овој документ ги разгледува потребите на жените во руралните области, дава преглед на клучните родови празнини и јасно ги признава родовите разлики во земјоделството и руралниот развој, а преку воведени родово специфични цели и индикатори за потребите на жените во руралните области се утврдени како приоритет во дефинирањето мерките во годишните програми преку кои се спроведува стратегијата и се зајакнува улогата на жените во националната политика за земјоделство и рурален развој.

Финансиската поддршка за земјоделството и руралниот развој е дефинирана во стратешките и оперативните документи и се спроведува преку неколку институции, каде што главната институција е МЗШВ како одговорна институција за планирање, програмирање и следење на политиката и финансиската поддршка; Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој и Агенцијата за поттикнување на развојот на земјоделството.

Политиките на родово одговорно буџетирање МЗШВ ги имплементира преку:

1. Програма за финансиска поддршка на руралниот развој
2. ИПАРД
3. Програмата за поддршка за социјална сигурност на жените кои вршат земјоделска дејност
4. Меморандум за соработка

- Во Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2024 година со планиран буџет од 759.257.694 денари предвидени се следниве мерки:

-мерка 115 "Поддршка за активен женски член во земјоделското домаќинство". Оваа мерка е исклучиво наменета за жени земјоделци со максимален износ на поддршка со износ од 360.000 денари по корисничка.

-мерка 112 "Помош за млади земјоделци за започнување со земјоделска дејност" предвиден е максимален износ на помош по млад земјоделец (регистриран помалку од 18 месеца пријавен во ЕРЗС) е 600.000 денари.

-мерка 113 "Поддршка за поттикнување на земјоделско производство" предвидува износ на помош од 1.200.000 денари по млад земјоделец (регистриран помалку од 18 месеца пријавен во ЕРЗС).

- Во Програмата за користење на средства од ЕУ инструмент за претпристапна помош за земјоделство и рурален развој ИПАРД 2, приоритет се дава на апликант кој е жена и млади земјоделци на возраст помеѓу 18-40 години.

Табеларен преглед на Реализација на ИПАРД 2 по мерки до Јуни 2024 година:

| | Мерка 1 – Инвестиции во физички средства на земјоделски стопанства | | Мерка 3 – Инвестиции во физички средства за преработка и маркетинг на земјоделски производи | | Мерка 7 – Диверзификација и развој на бизниси | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Барања исплатени | ЕУ средства исплатени | Барања исплатени | ЕУ средства исплатени | Барања исплатени | ЕУ средства исплатени |
| мажи | 1,387 | 11,781,845 | 94 | 16,203,305 | 96 | 5,731,782 |
| жени | 413 | 2,686,140 | 7 | 363,040 | 11 | 450,338 |
| вкупно | 1,800 | 14,467,985 | 101 | 16,566,345 | 107 | 6,182,120 |

-Со Програмата за социјална сигурност на жените кои вршат земјоделска дејност за 2024 година, во вкупен износ од 6.000.000 денари, предвидена е поддршка и за млади мајки кои се вршителки на земјоделска дејност, за породилно отсуство во времетраење од 9 месеци (по родено дете) во вкупен износ од 100.000 денари. Во 2024 година поднесени се вкупно 4 барања за исплата на средства од оваа програма, а по административната обработка утврдено е дека само едно барање ги исполнува условите за исплата.

Согласно Законот за земјоделство и рурален развој во Единствениот регистар за земјоделски стопанства (ЕРЗС) во 2024 година регистрирани се вкупно 30.624 женски носители на земјоделско стопанство што претставува 23,6% од вкупниот број на евидентирани земјоделски стопанства.

Преглед на евидентирани земјоделски стопанства(ЕЗС) во ЕРЗС:

| Родова структура на носители на ЕЗС | ЕЗС во претходна година | Во % | ЕЗС во 2024 година | Во % во 2024 година | Зголемување на ЕЗС во 2024 година во однос на претходната |
|---|---|---|---|---|---|
| Број на машки носител на земјоделско стопанство | 98.836 | 77,4% | 98.860 | 76,4% | 24 |
| Број на женски носител на земјоделско стопанство | 29.153 | 22,6% | 30.624 | 23,6% | 1471 |
| Вкупен број на земјоделски стопанства | 128.989 | 100% | 129.484 | 100% | 1495 |

Во период 2026-2028 година се проценува дека бројот на земјоделски стопанства каде се носители жени ќе се зголеми а околу 5%, односно се очекува зголемување на учеството во вкупниот број на земјоделски стопанства на 28%. Ова проекција е направена имајќи го предвид мерките за поддршка на жените земјоделки кои се предвидени во Програмите за финансиска

поддршка на руралниот развој(мерка 115 – 124 носителки на земјоделски стопанства, мерка 113 има 40 корисничи , мерка 121 – 40 корисници во 2022 година) и досегашните исплати на ИПАРД средства за носителки на земјоделски стопанства (414 носителки) во вкупен износ од 56 милиони евра.

Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој (АФПЗРР) заедно со Владата и МЗШВ креираа мерки преку кои се овозможува поволни услови и можности на жените да отвораат сопствени бизниси, да работат и делуваат во срединте каде што живеат.

Во националната програма финансирана од буџетот на Владата на Република Северна Македонија за 2024 година имаше програма за набавка на Комбајни за ориз која имаше вкупно 58 апликации а од нив 14 апликации се учество на жени земјоделки, каде што вкупно 13 апликантки имаат склучено договори за набавка на истите во вредност од 7.780,617 денари. Средствата се обезбедени преку Програмата за рурален развој.

Преку ИПАРД 3 програмата за 2023 и 2024 година, жените апликанти учествувале со бројка од 219 апликации во 2023 година, износот потребен за реализација е 24.065,246 денари, одбиени се вкупно 100 а склучени договори се 104 и вредноста на договорите е 9.644,380 денари. Бројката на жените апликанти во 2024 година е 13 апликации, и 20 апликации во ИПАРД програмата, а износот потребен за реализација е 6.453,025 денари.

Сите жени кои што аплицираат за добивање на средства преку ИПАРД 3 програмата имаат повеќе бодови во споредба со мажите апликанти со што практично и шансата за добивање на поддршка се зголемува.

**Агенција за поттикнување на развојот на земјоделството** во 2024 година има спроведени активности согласно воведените принципи за реализација на програмите и мерките во кои е опфатена и правичната и адекватна застапеност по полова припадност. За спроведување на Програмата- Совети ,која како цел ја има организирање и обезбедување на советодавни услуги во пазарно ориентирани и рурални средини од аспект на оптимално искористување на расположливите ресурси преку одржлив земјоделски развој, заштита на животната средина и поддршка при аплицирање во користење на претпристапни фондови и владини програми, беше предвидено 10% застапеност на жените (родовата еднаквост) на годишно ниво, а крајната реализација е застапеност од 19% на жени од вкупниот број на корисници на советодавни услуги.

Реализирани се 2 информативни средби со опфат на 12 жени, исто така реализирани се 2 обуки за едукација на групи жени.

Од функционален аспект, а заради вршење на определени конкретизирани специјализирани активности формирани се 8 координативни групи од кои и Координативна група за родова еднаквост.

***Заштитата на животната средина и борбата со климатски промени***

**Министерство за животна средина и просторно планирање (МЖСПП)-** Во програмата за инвестирање во животната средина во 2024, вклученоста на родовата перспектива е застапена преку афирмативни мерки кои поддржуваат вредности кои ја промовираат еднаквоста на жените и мажите во областа на животната средина.

Активностите преку кои се имплементира родово сензитивен карактер  при споредување на програмата се дел од следниве компоненти:

Изработка на техничка документација и изградба на водоводни системи, канализациони системи, системи за одведување и прочистување на отпадни води во насока на заштита, зачувување и подобрување на квалитетот на водите во износ од 90.000.000,00 денари;

Реализација на проекти и активности во износ од 50.000.000,00 денари, за следните намени: - поддршка на младинскиот сектор и младинските трендови во Република Северна Македонија за спроведување на проекти за заштита на животната средина; - поддршка за заштита и благосостојба на животните; - зголемување на јавната свест, едукација и обука за заштита на животната средина и климатските промени; - спроведување на мерки и активности за заштита и унапредување на природата; - поттикнување на образовни, истражувачки и развојни студии, програми и проекти за заштита и унапредување на животната средина и природата;

Реализација на проекти и активности одобрени согласно Програмите за инвестирање во животната средина за 2022 и 2023 година во износ од 77.200.000,00 денари трошоци за спроведување на оваа програма во износ од 4.800.000,00 денари.

Од вкупниот број, 100 апликации се доделени  на мажи со вкупна вредност од 29.600.000, 00 денари и  57апликации се доделени на жени со вкупна вредност од 15.900.000,00 денари.

***<u>Политиката и носењето одлуки</u>***

Во сегашниот парламентарен состав се 17 политички партии во нив само 1 жена лидерка, а од вкупно 81 општини само во 2 општини имаме жена градоначалничка.

| **Жените во политика** | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | Пратеници | Број на министерки | Број на партии, жена претседател | Градоначалник |
| Жени | 47 | 3 | 1 | 2 |
| Вкупно | 120 | 20 | 17 | 81 |
| % во државата | 39,2% | 15,0% | 5,8% | 2,4% |
| % ЕУ 27 | 33,1% | 35,0% | 25,8% | 18,7% |

**<u>Агенцијата за администрација</u>** согласно своите надлежностите во однос на постапката за селекција и вработување на кандидати, во периодот од 01.01.2024 година  до 31.12.2024 година на Јавните огласи објавени од страна на Агенцијата за администрација  аплицирале: вкупно 9748 кандидати, од кои 3570  припадници на машкиот пол, а 6015 кандидати од женскиот пол, додека  останатите 163 кандидати не се изјасниле.

Во тековната 2024 година во однос на донесени одлуки извршен е избор на вкупно 469 кандидати за вработување, со следната полова застапеност: Машки пол -162 кандидати; Женски пол-301 кандидати и 6 кандидати не се изјасниле.

Согласно надлежноста на Агенцијата за администрација за одлучување по жалби и приговори на административните службеници, во период од 01.01.2024 година до 31.12.2024 година до Агенцијата за администрација поднесени се вкупно 565 жалби и приговори од страна на административни службеници. Од нив 303 жалби и приговори се поднесени од страна на административни службеници од машки пол, додека 262 се поднесени од страна на административни службеници од женски пол.

***Здравство***

Во предлог план за програмски задачи според Националната годишна програма за јавно здравје во 2024 година, ИЈЗ на РСМ преку Одделот за здравствена промоција и следење на болести, предвиде активности со цел за инкорпорирање на принципот за еднакви можности на жените и мажите. Имено, сите податоци и анализи се направени со приказ на состојбите според пол.

ИЈЗ на Република Северна Македонија од реализираните активности има и подготвено:

Извештај за остварување на Програмата за систематски прегледи на ученици и студенти во РСМ во 2023/2024;

Анализа на природно движење во Република Северна Македонија во периодот 2007-2023/подготвен во 2024;

Извештај за здравјето и здравствената заштита на населението во Република Северна Македонија за 2023 подготвено во 2024;

Информација за добиените резултати од спроведена програма “Здравје за сите” во Република Северна Македонија за 2024 година.

Вкупниот број на вработените во Институтот за јавно здравје на Република Северна Македонија изнесува 192, од кои 153 од женски пол, додека 39 се мажки пол. Од нив на раководни функции се 27 жени и 2 мажи.

Координаторот и заменик координаторот имаат подготвено акционен план од 2023 до 2025 година на ниво на ИЈЗ со наслов: План на за родова еднаквост на Институтот за јавно здравје на РСМ.

***Образование и наука***

**Министерство за образование и наука** во сите Стратешки планови, во приоритети и цели има вклучено унапредување на Концептот за еднаквост и недискриминација во образовниот систем. Едни од стратешките приоритети и цели на Министерството за

образование и наука се и усогласувањето на стручното образование и обука со потребите на пазарот на трудот, како и модернизирањето на системот за стручно образование и обука.

Концепцијата за основно образование е ревидирана, согласно спроведената јавна расправа во текот на месец јули-август. Нејзината имплементација продолжи за учениците од прво до шесто одделение, за учениците од седмо одделение новите наставни програми кои се базираат на принципите на рамноправност, инклузивност и интеркултурност согласно наставниот план ќе се применуваат од учебната 2025/2026 година.

Воведен е систем за следење на учениците со разделени податоци (Tracesystem) откако ќе го завршат формалното образование. Зајакнат е системот за кариерно насочување и советување на момчињата и девојчињата за запишување на дефицитарни струки но и за рушење стереотипите како "машки" или "женски" професии. Интервенција за подобрување на балансот на струките во кои е детектиран силен диспаритет помеѓу момчињата и девојчињата. Зајакнување на стручниот кадар преку насоки и обуки за промоција на еднакви можности и надминување на стереотипите и предрасуди за стручното образование.

Образовниот систем се состои од предучилишно, основно (6-14 години), средно (15-17/18 години) и високо образование.

- Основното образование е задолжително и бесплатно за сите ученици од 6-14 години, трае девет години. Во учебната 2024/2025 година, запишани се вкупно 177 258 ученици во 10 957 паралелки, од кои 85 940 се женски и 91 318 се машки.

Процентот на запишани ученици во 2024/2025 споредено со 2023/2024 се намалил за 1,6%, процентот на запишани девојчиња се намалил за 1,47%, а на машки ученици се намалил за 1,71%.

- Средното образование, исто така е задолжително и бесплатно. Средното стручно образование може да биде со тригодишно и четиригодишно траење. Стручното оспособување во зависност од сложеноста на занимањето трае до две години. Во јавните Средни училишта вкупниот број на запишани ученици од прва до четврта година во учебната 2024/2025 е 64 849 ученици од кои 33 181 се машки и 31 668 женски. Споредено со податоците од учебната 2023/2024 година во јавните средни училишта имаме намалување, вкупниот број на ученици е намален за 885 ученици( 835 женски и 50 машки), намалувањето во проценти е околу 0,0135%.

- Високото образование се реализира на три нивоа: додипломски, магистерски и докторски студии. Според податоците од Државниот завод за статистика , добиени врз основа на пристигнатите извештаи, во Република Северна Македонија во академската 2023/2024 година се запишале вкупно 52 316 студенти, што преставува намалување за 2,8% во однос на академската 2022/2023 година. Бројот на запишани студентки е 30 704 или 58,7%. Најголем број студенти (77,9%) се запишале во државните високообразовни установи, додека 22,1% се запишале во приватните високообразовни установи.

За академската 2023/2024 година за стипендии за студенти девојчиња на студии за био-технички, техничко-технолошки, природно математички, ИТ и/или медицински науки (трета група на стипендии + ИТ) издвоени се 29.139.300 денари, додека за стипендии за студенти момчиња издвоени се 11.739.600 денари.

Табеларен приказ за предвидени средства за доделени стипендии за наведените струки:

| | Мажи | Жени | Вкупно | % женски во вкупниот број на добитници | месечна стипендија | вкупно за 9 месеци за жени | вкупно за 9 месеци за мажи | Вкупно средства, мажи и жени за 9 месеци |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ИТ државни | 47 | 34 | 81 | 41% | 6.050 | 1.851.300 | 2.559.150 | 4.410.450 |
| ИТ приватни | 2 | 3 | 5 | 60% | 6.050 | 163.350 | 108.900 | 381.150 |
| Трета државни | 112 | 384 | 496 | 78% | 6.050 | 20.908.800 | 6.098.400 | 27.007.200 |
| Трета приватни | 7 | 13 | 20 | 65% | 6.050 | 707.850 | 381.150 | 1.089.000 |
| Математика | 4 | 8 | 12 | 66% | 18.000 | 1.296.000 | 648.000 | 1.944.000 |
| Физика | 1 | 3 | 4 | 75% | 18.000 | 486.000 | 162.000 | 648.000 |
| Хемија | 11 | 23 | 34 | 67% | 18.000 | 3.726.000 | 1.782.000 | 5.508.000 |

За академската 2024/2025 година за стипендии за студенти девојчиња на студии за био-технички, техничко-технолошки, природно математички, ИТ и/или медицински науки (трета група на стипендии + ИТ) издвоени се 29.172.150 денари, додека за стипендии за студенти момчиња издвоени се 11.798.100 денари.

Табеларен приказ за предвидени средства за доделени стипендии за наведените струки:

| | Мажи | Жени | Вкупно | % женски во вкупниот број на добитници | месечна стипендија | вкупно за 9 месеци за жени | вкупно за 9 месеци за мажи | Вкупно средства, мажи и жени за 9 месеци |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ИТ државни | 29 | 22 | 51 | 43% | 6.050 | 1.197.900 | 1.579.050 | 2.776.950 |
| ИТ приватни | 1 | 4 | 5 | 80% | 6.050 | 217.800 | 54.450 | 272.250 |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Трета државни | 141 | 348 | 489 | 71% | 6.050 | 18.948.600 | 7.677.450 | 26.626.500 |
| Трета приватни | 7 | 13 | 20 | 65% | 6.050 | 707.850 | 381.150 | 1.089.000 |
| Математика | 3 | 17 | 20 | 85% | 18.000 | 2.754.000 | 486.000 | 3.240.000 |
| Физика | 4 | 6 | 10 | 60% | 18.000 | 972.000 | 648.000 | 1.620.000 |
| Хемија | 6 | 27 | 33 | 81% | 18.000 | 4.374.000 | 972.000 | 5.346.000 |

Во рамки на учебната 2024/2025 година, МОН објави конкурс за доделување на 240 стипендии за ученици од средно образование, кои реализираат наставни програми на следните струки: угостителско-туристичка; електро-техничка; градежно-геодетска; земјоделско-ветеринарска; машинска и текстилно-кожарска. Од вкупните 240 стипендии, 150 стипендии се наменети за земјоделско-ветеринарската струка, согласно резултатите доделени се 96 стипендии а од нив 39 доделени на ученички(женски).

За Конкурсот за доделување на стипендии за 30 студенти од земјоделските, ветеринарските и шумарските науки, по селекција вкупно 18 стипендии се доделени на студентки.

Со цел зголемена вклученост и спречување на предвремено напуштање на образовниот систем од страна на девојчиња од маргинализираните заедници, министерството го зголеми бројот на ангажираните ромски медијатори од 40 на 50. Исто така е и бројот на општините во кои делуваат медијаторите од 26 на 30.

МОН при објава на конкурси за ученички и студентски стипендии, предвидува дополнителен критериум во случај доколку од вкупниот број на пристигнати апликации постои родов јаз, односно од вкупно пријавените кандидати бројот на женски кандидати е помал од 40% во финалното бодување на женските кандидатки кои исполнуваат услови се додава дополнителен бод.

Со цел промоција на принципот на еднакви можности на девојчињата и момчињата во високот образование, МОН за академската 2024/2025 година го зголеми бројот на стипендии за студенти Роми од 135 на 150. За оваа цел беше објавен Конкурс за доделување на стипендии на студенти Роми кои студираат на јавните и приватните високообразовни институции во РСМ.

- Согласно податоците добиени од Сектор за високо образование државните универзитети во Република Северна Македонија за 2024 година, ситуацијата со вработените на истите, е следната: - На Универзитетот за информатички науки и технологии „Св. Апостол Павле“ во Охрид, вработени се вкупно 35 лица, од кои 20 жена и 15 мажи; -Вкупен број на вработени на Универзитетот „Мајка Тереза“ во Скопје е 162 лица, од кои 77 жени и 85 мажи; -Вкупниот број на вработени на Универзитетот во Тетово е 660 лица, жени 236, мажи 424; -Вкупен број на вработени на Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип изнесува 518, жени 315, а мажи 203; -Вкупно вработен кадар на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ во Битола е 442, жени 262, а мажи

180; Вкупно вработен кадар на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, 2813, жени 1657, мажи 1156.

**Биро за развој на образованието** се залага за зајакнување на родовиот аспект преку континуирано спроведување на новата Концепција за основно образование, изготвување на нови наставни програми и наставни материјали, како и реализирање на обуки за наставниците и стручните соработници со цел нивно професионално унапредување, и сензибилирање на свеста за родовата еднаквост.

Од страна на Биро за Образование и наука изработени се нови наставни програми кои се базираат на принципите на родова сензитивност/ рамноправност, инклузивност, интеркултурност по наставните предмети од 7, 8 и 9 одделение согласно наставниот план за основно образование од Концепцијата за основно образование од 2021 година која промовира родова еднаквост, инклузивност и мултикултурност. Изработени се нови наставни програми за 7 одделение (вкупно 13), за 8 одделение (вкупно 27) и за 9 одделение вкупно (27 програми) кои промовираат родова еднаквост, мултикултурност и инклузивност.

Реализирани се три средби со наставници, родители, раководството на основните училишта и одговорните за образование од општините: Кавадарци, Центар-Скопје и Гостивар, со цел презентирање на програмата за слободен изборен предмет Средно Стручно Образование. Обучени се сите стручни соработници од основните и средните училишта на тема "Унапредување на менталното здравје кај учениците" Обучени се наставници за ССО од вкупно 42 обучени наставници 38 се жени и 4 мажи. Одобрени се 76 нови програми и 35 материјали за учење и прирачници. Подготвени се 14 стручни мислења за ракописи на учебници и 3 стручни мислења за детски списанија за основно образование. На тема "Родова еднаквост и родова сензитивност во училиштата" обучени се 21 наставници.

Во Бирото за развој на образованието од вкупно 141 вработени 92 се жени и 49 мажи, а на раководните места од вкупно 23 мета 18 се жени. И во 2024 година продолжува со иницијативата за балансирано вработување на помалку застапениот пол односно во новите вработувања и унапредувања во Бирото да се има во предвид имплементацијата на критериумите за еднакви можности на жените и мажите согласно ЗЕМЖМ.

**Центарот за стручно образование и обука (ЦСОО)**[7] и наука се фокусира на зголемување интересот на девојчиња да се образуваат во професии што се сметаат за "машки" и обратно. Промоција и истакнување на значењето на стручното образование и обука, со цел зголемување на процентот на запишани ученички во секторите: електротехника и машинство, зголемен број на вработени жени по завршувањето на стручното образование и обука.[8]

**Министерство за одбрана**, ја има инкорпорирано принципот на еднакви можности во законските и подзаконските акти како што се Законот за вработените во одбрана како и во Колективниот договор на Министерството за одбрана. МО ја вклучува родовата перспектива во сите сегменти од работните процеси и стратешки и планирачки документи.

---

[7] Vodic niz kvalifikaciite na Strucnoto obrazovanie (MK-web).pdf - Google Drive

[8] Strategija za komunikacija na CSOO.pdf - Google Drive

Родово разделени податоци на административни службеници во Министерството за одбрана според категории во 2024 година, искажани во % од вкупниот број на административни службеници: Б категорија - 54 % жени и 46 % мажи; В категорија - 46 % жени и 54 % мажи; Г категорија - 49 % жени и 51 % мажи. Вкупно за сите категории заедно – 48% жени и 52 % мажи. ПТЛ (помошно - технички персонал) - 11 % се жени и 89 % се мажи.

Се забележува зголемување на процентот на жените во Министерството, особено во категоријата Б за 5% и категорија В за 2% , но и во вкупниот процент за сите категории за 1%.

Родово разделени податоци за воени лица во Министерството и Армијата во 2024 година: Од вкупниот број на персонал во Армијата – 11, 99 % се жени и 88,01 % се мажи. Од нив Офицери – 21,67 % жени и 78,33 % мажи; Подофицери – 11,99 % жени и 88,01 % мажи; Професионални војници – 7,04 % жени и 92,96 % мажи; Цивилни лица - 26,78 % жени и 73,22 % мажи. Во Армијата евидентно е зголемување на процентот за 2,82 % , во категоријата жени – офицери.

Во 2024 година се бележи зголемување за 1% на вкупниот број на жените во Министерството споредбено со 2023 година, како и зголемување на застапеноста на жените во категорија Б за 5%, како и во категорија В за 2%.

Во 2024 година се бележи зголемување на застапеноста на жените во Армијата споредбено со изнесува 11,99% , споредбено со 2023 година кога процентот изнесуваше 11,23%. Како и во категоријата офицери зголемување за 2,85% и кај професионалните војници зголемување за 0,7%.

Во учебната 2024/2025 се бележи задржување на високиот процент на запишани питомки, кој изнесува 21,87%.

На стручно оспособување и усовршување на офицери за потребите на службите на Армијата учествувале вкупно 60 учесници, од кои 48,3%' се жени.

Во Постојаната делегација на Република Северна Македонија на НАТО во Брисел, Кралство Белгија се упатени на работа две жени. Во постојаната мисија при ОБСЕ во Виена, Австрија е упатена една жена и една жена во Центарот за безбедносна соработка – RACVIAC, Р. Хрватска.

Воедно, на конкурсите за запишување питомци/питомки на Воената академија, во огласите за прием на професионални војници и цивилни лица на служба во Армијата, има посебен параграф со кој девојките и жените се охрабруваат да се пријавуваат.

Министерството за одбрана континуирано спроведува активности за популаризација на воената професија за привлекување на квалитетен кадар за пополна на Армијата, одржува јавни кампањи, јавни дебати, семинари/работилници, изготвување видео/аудио/печатени материјали, еднакво учество на обуките и за мажи и за жени во одбраната.

Министерството за одбрана го применува принципот на еднакви можности и води преглед на родово разделени податоци во делот на стручното оспособување и усовршување. Воедно, забележително е задржување на процентот на учеството на жените упатени на обуки во земјата и странство.

-Обуки во земјата (специјализирани обуки ) организирани од Министерството за одбрана – Центар за обука "Д-р Џозеф Крузел' за различни целни групи: административни службеници во Министерството, воен и цивилен персонал на служба во Армијата. Во 2024 година од вкупно 312 учесници, 137 или 44 % беа жени, додека 175 или 56 % беа мажи.

-Стручно оспособување и усовршување во странство (курсеви, семинари, обуки) на кое се упатува персонал од различни категории: административни службеници од Министерството и активен воен персонал од Армијата. Во 2024 година за стручно оспособување и школувања во странство се упатени вкупно 232 лица од Министерството и Армијата, од кои односно 15% се жени, а 85% се мажи.

Министерството за одбрана во континуитет ја вклучува родовата перспектива во образованието и обуката.

Во насока на подигање на свеста за родовите аспекти на воената професија кај питомците - идни офицери и нивната улога во промовирање на тие вредности и спроведување во практика, на Воената академија се интегрирани содржини од оваа област во предметите: Воена психологија, Социологија, Воена историја и Човековите права.

Министерството располага со 27 сертифицирани родови обучувачи (18 жени и 9 мажи) кои се вклучени во зајакнување на родовата свест на персоналот.

Во насока на унапредување на родовата компонента во Министерството и Армијата беше спроведена родова само-проценка (2023-2024) согласно која се изработи Извештај со развивање на препораки и донесување на Акциски план за унапредување на родовата еднаквост во Министерството за одбрана и Армијата на Република Северна Македонија (2024 – 2028 ) како крајни производи на спроведената РСП ( 2024 година).

МО извршува мониторирање и известување за имплементацијата на Вториот Национален акциски план (НАП) на Република Северна Македонија за имплементација на Резолуција 1325, Жени, Мир и Безбедност (2020-2025) - стратегиска рамка.

- Шестмесечно брифирање за постигнатите резултати од имплементацијата од Вториот НАП пред Интерресорската советодавна и консултативна група за еднакви можности на жените и мажите при Владата на Република Северна Македонија;

- Изработка на полугодишен извештај (за 2024 година) и годишен извештај (за 2023 година) за постигнатите резултати од имплементацијата на Вториот НАП за имплементирање на Резолуцијата 1325 „Жени мир и безбедност".

Донесено Решение со кое се определени овластено лице, заменик овластено лице и посредници во Министерството за одбрана и Армијата на Република Северна Македонија (вкупно 20 посредници, од кои 4 мажи и 16 жени), согласно Законот за заштита од вознемирување на работно место.

-Спроведена обука на тема: „Заштита од вознемирување на работно место и разрешување конфликти" со сертифицирани обучувачи од Министерството за одбрана, на која земаа учество вкупно 17 учесници од кои 15 жени и 2 мажи (ноември 2024 година).

Партиципирање во втората фаза на Регионалниот проект „Зајакнување на регионалната соработка во интегрирањето на родовата перспектива во реформите на безбедносниот сектор во Западен Балкан“ во организација на UNDP/SEESAC. Во проектот се вклучени четири држави: Република Северна Македонија, Република Србија, Босна и Херцеговина и Црна Гора.

-Соработка со Женевскиот Центар за управување со безбедносниот сектор (ДЦАФ) - спроведување на процесот на родовата само-проценка во Министерството и Армијата. За успешно спроведување на истиот, беа спроведени активности на кои земаа учество членовите на работната група за спроведување на родовата само – проценка (персонал од Министерството и Армијата):

- Во текот на 2024 година се спроведоа активности предвидени во четвртата фаза - фазата на валидација на извештајот од родовата само-проценка и изготвување на Акциски план за унапредување на родовата еднаквост во Министерството за одбрана и Армијата на Република Северна Македонија (2024 – 2028 ).

-Реализиран курс „Обука за обучувачи“ во организација на RACVIAC во период од 02 - 13 Септември 2024 година, Загреб, Хрватска**,** на кој беше ангажиран во својство на инструктор - синдикален лидер - сертифициран обучувач од Министерството за одбрана - Воена академија. (https://www.racviac.org/gender-training-of-trainers-course-successfully-concludes-at-racviac/)

Во организација на НАТО Командата во Брисел, Белгија и Центарот за безбедносна соработка RACVIAC – Загреб, Р. Хрватска, а во соработка и поддршка со Нордискиот центар за родот во воени операции (NCGM), во октомври 2024 година во Тунис се реализираше двонеделна обука за обучувачи за 35 учесници од армијата на Тунис на која родова обучувачка од Министерството за одбрана на Република Северна Македонија беше ангажирана во организација и реализација на обуката во својство на обучувач и лидер на синдикална група.

**Министерство за внатрешни работи** – во насока на промовирање и унапредување на еднакви можности континуирано работи на вклучување на родовата перспектива во стратешките документи и правни акти и подигнување на родовата свест на вработените како и родово разделени статистики, е-достапност за активности во врска со родовата еднаквост во министерството.

Во Стратешкиот план на МВР за 2023-2025 предвидени се следниве стратешки приоритети кои се однесуваат на родова еднаквост:

-Унапредување на законодавството во развојот на родова еднаквост и стратегии за превенција и заштита на жените од сите форми на родово базирано насилство, вклучувајќи го и семејното насилство;

-Унапредување на родовата еднаквост во сите области од општественото живеење и вклучување на родовата перспектива во креирање на политиките и буџетите кои ќе се остваруваат преку реализација на приоритетната цел: Имплементација на родова еднаквост и обезбедување еднаков третман и можности.

Во 2024 година е објавено Повик за интерес за работа на полициски службеници во Единицата за брзо распоредување на кој се пријавени полициски службеници од женски пол. Со ова активност се потврдува континуирано имплементирање на родовиот концепт во Одделот за специјални полициски операции, преку примена на правни прописи за проверка на физичката подготвеност на полициските службеници во специјалните единици кои се родово сензитивни.

Во овој контекст во министерството во 2024 година, процентуално родовата застапеност изнесува 78.66% мажи и 21.34% жени, од кои:

- униформирани: мажи 47.02%, жени 7.34%;
- не униформирани ПС: мажи 19.72%, жени 5.26%;
- овластени: мажи 7.84%, жени 7.66%;
- останати: мажи 4.08%, жени 1.08%.

За 2024 година извршени се стручни усовршувања со теми поврзани со родова еднаквост на вработени лица од МВР на РСМ од кои 40 жени и 21 мажи. Стручните усовршувања се спроведени во соработка со различни организатори од земјата и странство.

Кандидатите кои ја имаат завршен основната обука за полицаец во периодот од 23.01.2024 до 22.01.2025 година во рамки на оваа основна обука имаат модул за семејно насилство во траење од 12 часа. Дополнително генерацијата 2024/2025 посетиле еднодневна обука за родово базирано насилство и семејно насилство во организација на мисијата ОБСЕ.

Во Центарот на обука при МВР, согласно програмата за основна обука за полицаец, предвидени се и реализирани 6 часа на тема „Трговија со луѓе“ при што 497 кандидати (376 мажи и 121 жена) ја завршија обуката за трговија со луѓе.

Во насока на напредокот, објавени се:

-Истражување „Превенција на трговија со деца за трудова експлоатација“.

-Прирачник за обучувачи од СОС Детско Село за специјална обука на згрижувачи на деца на трговија со луѓе.

-Извештај на проценка на потребите: реинтеграција на жртви на трговија со луѓе. Целта на процената е да се испита какви услуги за реинтеграција се достапни во моментов и какви е потребите на жртвите на трговија со луѓе.

-Кампања „Приватноста е бесценета. Заштити го својот дигитален свет!“ која ја има цел подигнувањето на свеста за дигитален безбедност и препознавање на онлајн ризици, особено кај младите како најзасегната група. Клучните активности вклучуваа: едукација преку работилници за средношколци (172 учесници) и студенти по право (14 учесници), интерактивни објави за социјалните мрежи.

-Методологија за симулација на истрага и судење „Симулација на случај на трговија со дете – од идентификација на жртвата до осудување на сторителите“, со поддршка на Канцеларијата на Обединетите Нации за дрога и криминал во соработка со Академијата за судии и јавни обвинители и Центарот за обука на МВР.

**<u>Министерство за надворешни работи и надворешна трговија</u>**

МНР и НТ ги почитува и имплементира сите обврски кои произлегуваат од стратешките документи за еднакви можности, законски и подзаконски акти, како и усвоени, потпишани и ратификувани меѓународни договори, декларации, конвенции и други документи од областа.

Во Законот за надворешни работи се утврдени условите и критериумите за именување на амбасадори и критериумите за упатување на дипломатски претставници. При именување на амбасадорите се почитува принципот на еднакви можности меѓу жените и мажите, меѓутоа истиот принцип не е утврден како критериум при изборот на кандидати од редот на другите категории на дипломати при упатување на мандат.

Табеларен приказ за вработените, Амбасадори и Конзули , разделени по пол, низ години:

| Година | Вработени | Мажи | Жени | Амбасадори | Мажи | Жени | Ген. Конзули | Мажи | Жени |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2022 | 440 | 241 | 198 | 39 | 30 | 9 | 8 | 7 | 1 |
| 2023 | 420 | 229 | 191 | 34 | 25 | 9 | 5 | 3 | 2 |
| 2024 | 426 | 231 | 195 | 34 | 27 | 7 | 7 | 4 | 3 |

Табеларен приказ на бројот на вработени од МНР и НТ упатени во дипломатско конзуларните претставништва на Република Северна Македонија по звање, заклучно 31.12.2024:

| **Година** | **2024** | | |
|---|---|---|---|
| **Дипломатско звање** | **Мажи** | **Жени** | **Вкупно** |
| Амбасадор | 27 | 7 | 34 |
| Упатени со дипломатско звање амбасадор | 2 | / | 2 |
| Генерален Конзул | 4 | 3 | 7 |
| Ополномоштен министер | 1 | 1 | 2 |
| Министер советник | 11 | 8 | 19 |
| Советник | 21 | 5 | 26 |
| Прв секретар | 3 | 11 | 14 |
| Втор секретар | 7 | 6 | 13 |
| Трет секретар | 8 | 2 | 10 |
| Аташе | 5 | 3 | 8 |
| Конзуларно админ. рефер | 3 | 7 | 10 |
| **Вкупно** | **92** | **53** | **145** |

Статистичките податоци од направената анализа на вработени упатени во дипломатско конзуларните претставништва покажува дека бројот на упатени мажи дипломати во сите дипломатски звања е поголем во однос на упатени жени дипломати.

МНР И НТ во соработка со Канцеларијата на UN Women во Скопје организираа настан по повод Денот на жените во дипломатијата од каде беше испратена порака дека и понатаму ќе се работи на зајакнување на учеството на жените во надворешната политика.

Делегации од МНР и НТ, во јануари и декември 2024 година престојуваа во Париз, во рамки на студиската посета, што ја организираше Амбасадата на Француската Република во Скопје и Канцеларијата на UN Women во Скопје. И првата и втората посета на Париз, се реализираа како дел од заедничките заложби за промовирање на родовата еднаквост и зајакнување на улогата и видливоста на жените во надворешната политика.

Согласно важечките акти секој дипломат е должен да посетува обуки за стручно усовршување и оспособување, како и полагање на испит за стекнување на високо дипломатско звање, кои

влијаат на кариерата и се услов за упатување на мандат. Од статистичките податоци, покажуваат дека континуирано бројот на женските учеснички на обуките е во стагнација.

Табеларен преглед на Учесници во Обуките во странство организирани од МНР и НТ, во 2024 година:

| Година | Вкупно учесници | Жени | Мажи |
|---|---|---|---|
| 2022 | 17 | 7 | 14 |
| 2023 | 23 | 12 | 11 |
| 2024 | 22 | 12 | 10 |

За 24024 година од планираните средства со предлог буџетот на министерството беа одобрени 1.600.000 денари на посебна потпрограма 11 Родови иницијативи.

***<u>Социјална заштита</u>***

Проект за подобрување на социјалните услуги преку Договор за грант за развој на социјални услуги од општините, градот Скопје и општините на градот Скопје кој се однесува за обезбедување на социјалната услуга помош и нега во домот, кој резултираше со доделување на 26 грантови за 26 општини во партнерство со даватели на социјални услуги;

Спроведување на мерката 7.2 - економија на грижа, која обезбедува помош и поддршка при обука за вработување на лица за обезбедување на услуги на грижа во заедницата;

Реновирање на просторните услови за работа со поддршка на ЕУ и спроведување на процес на деинституционализација на Ј.У. “Завод за рехабилитација на деца и младинци”-Скопје;

Објавен Јавен повик за доставување на апликации од страна на општините за финансирање на проекти за изградба, доградба, реконструкција и адаптација на објекти за воспоставување на услуги и зголемување на капацитетите кај постоечките даватели за услуги на советување, услуги во домот, услуги во заедницата и услуги за вон-семејна заштита во согласност со најдобриот интерес на корисниците;

Донесена Годишна Програма за изградба, опремување и одржување на објекти за социјална заштита и домови за стари лица

Обезбедени средства за давање на социјални услуги од општините, градот Скопје и општините во градот Скопје за 2025 година и подготовка и објавување на Јавен конкурс за доделување средства на здруженија и приватни даватели на социјални услуги, за давање на социјални услуги од страна на лиценциран давател на услугата, со финансиска поддршка од министерството;

Проект „Подготвителни активности за трансформација на јавните институции за обезбедување на социјални услуги во заедницата“ (“Preparatory activities for transformation of public institutions for provision of social services in the community”) во рамки на ЕУ/ИПА III Програмата „Рамка за

интеграција во ЕУ” за Ј.У. “Специјален завод  Демир Капија “и Завод за рехабилитација “Бања Банско”-Струмица

Донесена Годишна Програма за финансирање на Програмските активности на Националните инвалидски организации, нивните здруженија и нивната асоцијација, на здруженија за борба против семејно насилство и на Црвениот крст на Република Македонија од приходите од игри на среќа и од забавните игри кои што се од јавен и од приватен интерес за 2025 година;

Проект „Поддршка на системот за обезбедување на квалитет на социјалните услуги“ финансиран од ЕУ, кој има за цел да ги поддржи реформите и политиките кои промовираат пристап до квалитетни социјални услуги.

Изградба на  јавна општинска установа за вон семејна социјална заштита на стари лица во општина Кавадарци со Одлука за одобрување на средства за капитални дотации обезбедени во развојниот дел од Буџетот за 2025 година за инфраструктурен проект од надлежност на Министерството за социјална политика, демографија и млади.

Функционална анализа на центрите за социјална работа (ЦСР) согласно имплементацијата на интегрираниот информациски систем за социјални права и услуги( SWIS)  и дигитализацијата на целокупното работење на центрите.

Започнува амбициозна реформа за реорганизација на Центрите за социјална работа, и зајакнување и обезбедување на соодветни човечки ресурси за социјална заштита. Активностите во оваа насока се поддржани од УНИЦЕФ и од Единицата за управување со проектот за подобрување на социјалните услуги кој се реализира со поддршка на Светска Банка.

Се потпиша три партитен Меморандумот за соработка помеѓу Министерство за социјална политика, демографија и млади, ММинистерство за здравство  и Министерство за образование и наука за пилотирање и подготовка за имплементација на семејно-ориентиран систем за рана интервенција во детството (РИД).

Се Склучи договор за услуги за дигитална пристапност на нашата WEB страна- со цел подобрување на пристапноста на лицата со попреченост во секојдневниот живот и унапредување на нивните права и усогласување со сите директиви.

Се завршени сите подготвителни чекори за почнување на ревидирање на законската и подзаконската регулатива во областа на социјалната заштита која ќе се реализира со поддршка на единицата на Светска Банка.

***<u>Спорт</u>***

**<u>Министерство за спорт на Република Северна Македонија</u>** основните мерки за остварување на принципот на еднакви можности на жените и мажите ги инкорпорира во нормативните акти од областа на спортот, во одредбите од Законот за спортот опфатени се сите форми на спортски активности на спортистите од сите возрасти, како и спортско-рекреативните активности на граѓаните. Дејноста спорт ја вршат и спортски здруженија и други правни лица во

областа на спортот, а во кои подеднакво членуваат и жените и мажите во сите возрасни категории.

Министерство за спорт сеуште како активност го третира Проектот „500 стипендии“ за млади талентирани спортисти со возраст до 20 години, начинот за доделување на категоријата спортист- спортска надеж е уредена во Уредбата за утврдување на условите и критериумите за доделување на спортската категорија – Спортска надеж, во која се обезбедени еднакви можности за доделување спортски стипендии на девојчињата и момчињата на возраст до 20 години.

Дополнително како охрабрувачки мерки кои обезбедуваат посебно поттикнување или воведување на одредени поволности на спортистите со возрасна категорија до 20 години, во олимписки и параолимписки односно неолимписки и непараолимписки спортови во категоријата жени и мажи.

Исто така, спроведува програмски мерки кои обезбедуваат посебно поттикнување или воведување на одредени поволности на спортистите со возрасна категорија до 20 години, во олимписки и параолимписки односно неолимписки и непараолимписки спортови во категоријата жени и мажи.

Од вкупно 500 стипендии кои се доделуваат на годишно ниво, во 2024 година доделени се вкупно 469 стипендии од кои 167 за девојчиња во сите спортови.

Министерството за спорт располага со база на податоци токму на предложениот програмски дел од воведувањето на Проектот „500 стипендии за млади талентирани спортисти“ до 20 години од 2008 година, заклучно со 2024 година.

Предложена е нова Програма по која ќе се реализира родовата еднаквост, а истата е дел од Програмата за распределба на средства од игри на среќа и забавните игри за 2023 година, за финансирање на националните спортски федерации и проекти на Агенцијата за млади и спорт за унапредување на спортот во Република Северна Македонија, а според описот во Т.6.- Партиципација за финансирање на проекти на националните спортски федерации за поддршка на жената во спортот, родова еднаквост во сите сфери на функционирање на спортот, обезбедени се 4.000.000,00 денари.

***<u>Култура</u>***

**<u>Министерството за култура и туризам</u>** континуирано работи на поддршка на иинцијативи за промоција на научно-истражувачки проекти и проекти од областа на културата, историјата, историјата на уметноста, етнологијата итн. во промовирање на жените како активни учесници во овие случувања и како дел од светската историја.

Од вкупно доставени 906 пријави на Конкурсот за издавачка дејност за 2024 година од други корисници пристигнати се: 674 пријави од правни субјекти од кои 447 се машки, а 227 женски, согласно нивното изјаснување при пополнување на пријавата и аплицирање и 235 пријави од физички лица од кои 134 машки и 101 женски.

Во Буџетот на Министерството за култура за 2024 година, раздел 18010 - финансирање на дејности од културата, во Програмата 72-Мултидисциплинарни програми, предвидени биле буџетски средства во износ од 20,500,000 денари, додека вкупната реализација во 2024 година на овие средства за Програмата 72-Мултидисциплинарни програми, изнесува 17,925,721 денари.

Вредноста на склучените договори за реализација на проектите по оваа програма за 2024 година изнесува 20,500,000 денари, додека вкупниот износ на исплатени средства по основ на склучените договори изнесува 17.925,721 денари.

Од вкупно одобрените 93 проекти, жени-носителки на проектите се вкупно 44 (четириесет и четири), од кои физички лица се 14 а правни субјекти 30 за кои беше распределен буџет во износ од 7,809,339 денари. Од нив 3 проекти имаат содржина која целосно или делумно третира теми од областа на родовите политики, а кои не се нужно транс дисциплинарни проекти со вкупен доделен буџет 636,371 денари.

Министерството за култура и туризам како одговорна институција која ги координира активностите од областа на родовата еднаквост и одговорното буџетирање во соработка со Министерството за социјална политика, демографија и млади ви ги доставува информациите од реализацијата на средствата од буџетот за активностите, програмите и потпрограмите за родовата еднаквост по сектори за 2024 година.

***<u>Пристапот до правда</u>***

**<u>Министерство за правда -</u>** во текот на 2024 година има 2670 поднесени барања на примарна правна помош од кои мажи се 1466 и 1204 се жени и сите се одобрени. Додека за секундарна правна помош поднесени се 230 барања од кои 158 мажи и 72 жени, каде што има одобрена правна помош за 174 лица и одбиени 56 лица.

Дистрибуција на информативни брошури: Дистрибуирани се 500 информативни брошури за време на промоциите за бесплатна правна помош во Кавадарци, Неготино и Штип, организирани со поддршка од Канцеларијата на Совет на Европа во Скопје и во соработка со Министерство за правда. Доплнително, информативни материјали беа дистрибуирани и на настанот по повод одбележување на Меѓународниот дена на човековите права и Европскиот дена на правдата.

Одржана е петдневна обука за обучувачи во јануари/февруари 2024 година со вклучени посебни сесии за правда за деца, семејно и родово базирано насилство и постапување во предмети со азил и трговија со луѓе. Вкупно 35 адвокати беа обучени како обучувачи на тема: "Обезбедување бесплатна правна помош во Северна Македонија која се одржи од 22 до 26 јануари 2024 година како и дополнителната обука од 16 до 19 февруари во просториите на Образовниот центар на Адвокатската комора."

Каскадни обуки за адвокати за бесплатна правна помош – одржани 3 каскадни обуки и беа обучени 33 адвокати. Првата обука се одржа на 3 јули 2024 година со 13 обучени адвокати; втората на 5 декември 2024 година, со 10 обучени и Третата каскадна обука се одржа на 6

декембри 2024 година со 10 обучени адвокати. Дополнително, се одржа обука за бесплатна правна помош и компензација на жртви на трговија со луѓе на 7 ноември 2024 во Скопје со 17 обучени адвокати.

Обука за обучувачи за бесплатна правна помош (со дополнително посебни сесии за правда за деца, семејно и родово базирано насилство и поставување во предмети со трговија со луѓе) наменета за овластените правни клиники и овластените здруженија на граѓани на жените од ранливите категории одржана од 15 до 19 април 2024 година во просториите на Правната клиника во Штип каде што беа обучени 18 преставници од правни клиники и Здруженија на граѓани регистрирани за БПП.

Каскадната обука за БПП наменети за студенти од правните клники и преставници од овластените здруженија на граѓани се одржи на 16 декември 2024 година во Правниот факултет во Штип и беа обучени 20 студенти.

Посебни сесии за семејно и родово базирано насилство – одржана во рамките на 14-тиот сотанок на Националното координативно тело на 20 март 2024 година, обучни беа 65 членови на НКТ.

***<u>Родово базирано насилство</u>***

Со цел превенција и заштита на жените од родово базирано насилство, надлежните институции пристапија кон градење на сеопфатни и интегрирани политики во рамките на своите надлежности.

Донесен е Правилник за формата, содржината и начинот на водење на Регистарот на обучени лица за спроведување на почетна и континуирана едукација за родово-базирано насилство врз жените и семејното насилство во месец март 2025 („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 67/25).

Донесена е Програма за реинтеграција на жртви на насилство во септември 2024 година. Целта на оваа Програма е овозможување на побрза реинтеграција на жените жртви на насилство преку остварување на индивидуалните потреби преку достапните услуги. Во оваа Програма опфатени се сет на услуги засновани на националната легислатива, воспоставени на национално и локално ниво, кои овозможуваат реинтегрирање на жените жртви на насилство.

Изготвена е Евалуација на <u>Акциски план за спроведување на Конвенцијата за спречување и борба против насилство врз жените и домашно насилство на Република Македонија 2018-2023</u>, која е основа за подготовка на осумгодишната Националната стратегија за превенција и заштита од насилство врз жените и семејно насилство 2026-2033 со Акциски план и планирано е истата да се достави до Владата на РСМ до крајот на годината.

Во насока на спроведување на Законот за спречување и заштита од насилство врз жените и семејното насилство се интензивира напорите за справување со насилството врз жените и семејното насилство, преку зголемување на бројот на специјализирани услуги за жени кои преживеале насилство, подигање на јавната свест за препознавање и пријавување на

насилството, градење на капацитетите на професионалците и нивно постапување со должно внимание за секое пријавено насилство.

Реализирана е кампања „Со тебе сме – заедно против насилството врз жените и девојчињата“. Спроведена е кампања на социјалните медиуми „ Има помош за живот без насилство“, со поддршка на Канцеларијата на УНФПА со финансиска поддршка од Британска амбасада.

Во март 2024 година, Министерството за социјална, политика и демографија со поддршка на Канцеларијата на UNFPA и Британската Амбасада, организираше дводневна почетна обука за спречување и заштита од насилство врз жени и семејно насилство за стручните лица од 24 центри за социјална работа, која имаше за цел идентификување на видови на превенција, препознавање на знаци, симптоми и однесување за можно насилство, идентификација на ризици/управување на ризик и институционален одговор на насилство врз жени во процесот на планирање на безбедноста на жртвата и дефинирање и разбирање на последици на родово базирано насилство врз жените и семејното насилство.

Министерството за социјална политика, демографија и млади, Министерството за внатрешни работи и Комисијата за еднакви можности при Општина Кисела Вода, го покренаа прашањето за превенција од родово базирано насилство и таргетирање на ова прашање преку обука за вработените во основните училишта и детските градинки, на територијата на Општина Кисела Вода. Во септември 2024 година започна реализација на обуката од страна на сертифицирани обучувачи од Министерството за социјална политика, демографија и млади и Министерството за внатрешни работи. Вкупниот број на учесници изнесува 155 од кои 146 жени и 9 мажи. Оваа активност како добра пракса во рамки на 16 дена активизам против насилство врз жените е објавена од страна на Аукциската коалиција за борба против насилство врз жените на UN Women достапна на линк : 16 Impact Stories For 16 Days | UNW Action Coalitions.

### ***Трговија со луѓе***

Министерството за социјална политика, демографија и млади , Секторот за еднакви можности, како координатор на Национален механизам за упатување на жртви на трговија со луѓе во текот на 2024 година, продолжи со соработка со Националната комисија за борба против трговија со луѓе, Подгрупата за борба против трговија со деца, Центри за социјална работа, Државниот трудов инспекторат, Јавното обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција на Република Северна Македонија за сузбивање на кривични дела поврзани со криумчарење мигранти и трговија со луѓе и Министерството за внатрешни работи/ Единицата за борба против трговија со луѓе и илегална миграција, Центарот за лица жртви на трговија со луѓе и со здруженијата на граѓани.

Во текот на 2024 година се применува Правилник за начинот, обемот, нормативите и стандардите за давање на социјалната услуга за привремен престој и за простор, средства, кадри и потребната документација за центар за привремен престој (Сл. весник на РСМ, бр. 91/21) во согласност со Законот за социјална заштита кој се однесува на Центар за жртви на трговија со луѓе како основа за донесување на Одлука за утврдување на цените на социјалните услуги во домот, за вон-семејна заштита, за стручна помош и поддршка и за привремен престој за 2024 година. https://www.mtsp.gov.mk/pravilnici.nspx донесена, Со оваа Одлука предвидена

е цена на чинење на услуга за привремен престој во Центар за жртви на трговија со луѓе согласно Методологијата за формирање на цените на услугите во зависност од нормативите и стандардите за давање на социјалната услуга (Сл. весник на Република Северна Македонија бр.264/19).

Согласно сознанијата со кои се располага МТСП, преку центрите за социјална работа, мобилните тимови како и од нотираните трендови на Оперативниот тим за формална идентификација на жетви на трговија со луѓе може да се констатира дека состојбата со трговија со луѓе/трговија со деца во голема мера е видоизменета во поглед на демографската структура на жртвите на трговија со луѓе/деца, и во модус операнди на криминалните групи.

Во текот на 2024 година доминира трговија во рамки на државата, која се манифестира со регрутирање на странски жртви од Србија, Украина, Колумбија и Бангладеш додека за домашните жртви доминантно се деца од Скопскиот, Вардарскиот и Југо-источниот регион на државата и се експлоатираат во скопскиот, Полошкиот, Вардарскиот регион, со цел сексуална и трудова експлоатација.

Експлоатацијата најчесто се врши во угостителски објекти или објекти обезбедени од страна на трговците со цел стекнување на профит преку сексуална експлоатација, на градежни објекти со цел трудова експлоатација, додека за децата присутна е формата на присилни бракови. Доминира бројот на откриени жени и девојчиња, и по еден случај возрасен маж и момче.

Некои аспекти на кривични дела во дигитален контекст подразбираат нови начини (онлајн регрутирање) врбување на претпоставени деца жртви на ТЛ, и се присутни во светски рамки, бидејќи младите најчесто имаат комуникација преку интернет, односно социјални мрежи и апликации за "паметни" телефони. Од друга страна „сторителите" користат лажни профили и фотографии од „други лица," со цел врбување, намамување и нивно привлекување заради злоупотреба.

Функционирањето на мобилните тимови и во 2024 година го поддржува ИОМ во рамки на проектот "Поддршка на капацитетите за превенција и заштита на Република Северна Македонија„ поддржан од Банката за развој на Совет на Европа - СЕВ.

Во периодот јануари – декември 2024 година, петте мобилни тимови беа активни во спроведувањето на програмските активности вклучувајќи редовни состаноци, теренски посети, контакти, упатувања и помош на ранливи групи, жртви и потенцијални жртви на трговија со луѓе.

Вкупно 440 корисници (215 мажи и 225 жени) беа првично контактирани и информирани за достапни услуги, 18 беа претпоставени жртви на трговија со луѓе и 422 беа ранливи категории, но без тековен ризик од трговија со луѓе.

Оперативниот тим идентификува 45 жртви на трговија со луѓе од кои 43 жени и 2 мажи.

МТСП даде поддршка во реализацијата на активностите во рамки на Хоризонтален инструмент на Европската Унија и Совет на Европа за Западен Балкан и Турција "Превенција и борба против трговијата со луѓе во Северна Македонија" на:

Мулти-дисциплинарна пилот обука за ТЛ со цел трудова експлоатација 19-21 февруари, Струмица со 30 учесници (трудови инспектори, СВРА-а, Единицата против трговија со луѓе, социјални работници, НВО-а) со симулација на предистрага.

Конференција за ситуацијата со трговија со деца и ризиците со цел подобрена превенција 27 мај, 2024, Скопје со 24 учесници (членови на Подгрупата за борба против трговија со деца, НВОа-, меѓународни организации).

Физибилити студија за основање на Центар за жртви на ТЛ , https://rm.coe.int/feasibility-study-on-establishing-shelter-for-trafficking-in-human-bei/1680af04e0

Мулти-дисциплинарна обука за најдобар интерес на детето 21 -22 мај, Велес со 37 учесници (СВР-а, Оддел за крвни деликти, Единица за ТЛ, социјални работници, адвокати, НВО-а). Цел: Да се обучат учесниците за поцелосна примена на принципот на најдобар интерес на детето и да се подобри меѓу-ресорската соработка.

Во Центарот на обука при МВР, согласно програмата за основна обука за полицаец, реализирани се 6 часа на тема „Трговија со луѓе“ при што 497 кандидати (376 мажи и 121 жена) ја завршија обуката за трговија со луѓе.

Објавени се:

-Истражување „Превенција на трговија со деца за трудова експлоатација“.

-Прирачник за обучувачи од СОС Детско Село за специјална обука на згрижувачи на деца жртви на трговија со луѓе.

-Извештај на проценка на потребите: реинтеграција на жртви на трговија со луѓе. Целта на процената е да се испита какви услуги за реинтеграција се достапни во моментов и какви е потребите на жртвите на трговија со луѓе

-Методологија за симулација на истрага и судење „Симулација на случај на трговија со дете – од идентификација на жртвата до осудување на сторителите“, со поддршка на Канцеларијата на Обединетите Нации за дрога и криминал во соработка со Академијата за судии и јавни обвинители и Центарот за обука на МВР.

***<u>Родово одговорно буџетирање</u>***

Родовото одговорно буџетирање преставува алатка која овозможува внесување на родовата перспектива при креирање и спроведување на политиките, програмите и буџетите се со цел да се земат во предвид различната положба и потреби на жените и мажите и различните предизвици со кои се соочуваат.

Во 2024 година во процесот на родово одговорно буџетирање вклучени се: Министерство за социјална политика, демографија и млади кое ги координира и е одговорно за прашањата поврзани со политиките за еднакви можности на жените и мажите и родовата еднаквост, Министерство за здравство, Министерство за земјоделство шумарство и водостопанство, Министерство за правда, Министерство за култура (Министерство за култура и туризам),

Министерство за внатрешни работи, Министерство за информатичко општество и администрација (Министерство за јавна администрација), Агенција за млади и спорт (Министерство за спорт), Министерство за надворешни работи (Министерство за надворешни работи и надворешна трговија), Министерство за економија (Министерство за економија и труд), Министерство за образование и наука, Министерство за одбрана, Министерство за животна средина и просторно планирање, Агенција за поддршка на претприемништво на Република Северна Македонија, Управа за извршување на санкции, Агенција за катастар на недвижности, Центар за стручно образование и обука, Институт за Јавно здравје на РСМ и Агенција за аудио и аудиовизуелни медиуми.

Според Методологијата за родово одговорно буџетирање, обврска на институциите е програмата која е во процесот на родово одговорно буџетирање да се следи и известува за преземените активности и интервенции кои се во насока на намалување на родовата нееднаквост во период од три години. Министерството за социјална политика, демографија и млади го подготвува сублимиран Годишен извештај за родово буџетски иницијативи и истиот го доставува до Министерството за финансии кој го објавува дел од Граѓанскиот дневник достапен на линк: http://budget.finance.gov.mk/rodova_senzitivnost.html

Собранието на РСМ го усвои Законот за изменување и дополнување на Законот за буџети (Службен весник на РСМ, бр. 272 од 27.12.2024 година) со што во членот 8 е предвидено „Во случај кога предложените прописи или акти имаат импликации кои се во насока на унапредување на родовата еднаквост, задолжително во прилог на истите се доставува родово одговорна буџетска изјава, по која Министерството за социјална политика, демографија и млади дава мислење.” Исто така, согласно истиот член став 7 усвоен е Правилник за формата и содржината на родово- одговорна буџетска изјава (Службен весник на РСМ, бр. 22 од 3.2.2025 година).

## III. ***<u>Медиуми</u>***

Зголемување на свесноста за третманот на родовите прашања и прикажувањето на жените и на мажите останува исклучително важно за Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, поради што претставува една од регулаторните цели во Стратешкиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги 2024-2028. Оваа регулаторна цел е предвидено да се спроведува во континуитет.

Агенцијата за аудио и аудио визуелни медиумски услуги како регулаторното тело продолжува активно да придонесува кон подобрувањето на еднаквоста во општеството и тоа и преку учество во глобалните процеси и преку конкретни сопствени активности како што се: изработка, публикување и промовирање на годишни анализи за различни аспекти на родот во медиумите, за родовата структура на сопственоста, вработените и платите кај радиодифузерите, да организира дебати и работилници за родовите прашања, превод и дисеминирање до релевантните чинители на европските документи и препораки за начинот на усвојување на родово-чувствителниот пристап кон третманот на општествените прашања и вклучувањето на

родот во главните токови. Сите активности и документи поставен се на  посебната веб страница www.rodotimediumite.mk

Со истражувањето за 2024 година е опфатена програмата емитувана на националните телевизии во ударното време, што е прво вакво истражување.

Од буџетот на АВМУ за 2024 година, за активностите со родова перспектива , се потрошени најмалку 535.5323 денари.

Во 2024 година е изработена, презентирана и објавена отпечатена и доставена до Собранието и до МСПДМ анализата за родот и медиумите за 2023 година – "Истражување за начинот на известување за родово заснованото насилство на националните телевизии"[9]; објавени податоци за сопственоста кај ТВ и РА во земјата за 2024 година – заедно со родово разделени податоци по пол[10]; објавени податоци за структурата на вработените во ТВ и РА за 2023 година – заедно со родово разделени податоци по пол[11]; изработена, објавена, јавно презентирана, отпечатена и доставена до ДЗС споредбената анализа "Родова структура во ТВ и РА: Споредбена анализа на сопственоста (2020-2023) и на вработените (2019-2022)".

На 4 декември 2024 беше одржана работилница за унапредување на известувањето за родово засновано насилство во медиумите  - наменета за медиумските работилници/чки од локалните радија и телевизии, во организација на АВМУ и Програмската канцеларија на Советот на Европа во Скопје, во рамки на проектот "Заштита на слободата ба изразување и слободата на медиумите во Р.С.М. ПРО-ФРЕКС".

Во јуни, претставник на АВМУ учествуваше на панел дискусијата "Кодекс на однесување – Борба против насилството врз жените во политиката и изборните процеси" . Додека во октомври претставник на АВМУ учествуваше на 23-то пленарно собрание на Медитеранската мрежа на регулаторни тела во Ерменија, каде беше е презентирано истражувањето за преставувањето на родово заснованото насилство на програмите на националните радиодифузери.

---

9 https://avmu.mk/wp-content/uploads/2024/11/AVMU-rodot-vo-mediumite-23-vnatresnost-v.2_web_compressed.pdf

10 https://avmu.mk/wp-content/uploads/2024/06/%D0%A1%D0%BE%D0%BF%D1%81%D1%82%D0%B2%D0%B5%D0%BD%D0%BE%D1%81%D1%82%D0%B0-%D0%BD%D0%B0-%D0%BC%D0%B5%D0%B4%D0%B8%D1%83%D0%BC%D0%B8%D1%82%D0%B5-%D0%B2%D0%BE-2024-%D0%B3%D0%BE%D0%B4%D0%B8%D0%BD%D0%B0.pdf

11 https://avmu.mk/wp-content/uploads/2024/09/%D0%A1%D1%82%D1%80%D1%83%D0%BA%D1%82%D1%83%D1%80%D0%B0-%D0%BD%D0%B0-%D0%B2%D1%80%D0%B0%D0%B1%D0%BE%D1%82%D0%B5%D0%BD%D0%B8%D1%82%D0%B5-%D0%B2%D0%BE-%D0%B0%D1%83%D0%B4%D0%B8%D0%BE-%D0%B8-%D0%B0%D1%83%D0%B4%D0%B8%D0%BE%D0%B2%D0%B8%D0%B7%D1%83%D0%B5%D0%BB%D0%BD%D0

## IV. ***Механизми на заштита***

***Народен правобранител***

Почитувањето на човековите права и уставно загарантираното начело на недискриминација како темелни вредности, и во таа насока еднаков третман на граѓаните во пристапот и остварувањето на правата, беше во фокус на Одделот за спречување и заштита од дискриминација и соодветна и правична застапеност при Народниот правобранител и оваа извештајна година. Се постапуваше по вкупно 53 претставки (3 повеќе од 2023) во оваа област, при што, како и минатата година, претставките се поднесени од страна на граѓани, од невладини организации и синдикални здруженија, како и претставки оформени по сопствена иницијатива на Народниот правобранител.

Во Годишниот извештај за степенот на обезбедувањето почитување, унапредување и заштита на човековите слободи и права во 2024 година[12], чија содржина произлегува од надлежното постапување на институцијата по поединечните претставки поднесени од граѓаните и другите лица, но и од предметите оформени по сопствена иницијатива, дава сликата за функционирањето на целокупниот систем во државата и тоа, како на централно, така и на локално ниво, отсликува како работат институциите со јавни овластувања, со еден збор, каков е степенот на почитувањето на правата на граѓаните и каде нивните права најмногу се прекршуваат.

Во областа социјална заштита и сигурност, оваа извештајна година се бележи незначително зголемување на бројот на примени претставки (114), споредбено со 2023 година, кога беа поднесени 106 претставки, при што проблемите за кои граѓаните бараа интервенција остануваат исти. Имено, најголем број од примените претставки (72) се однесуваат за остварување на парични права од социјална заштита, непостапување по поднесено барање или незадоволство од донесениот акт (16), социјална сигурност за стари лица (13), заштита од семејно насилство (7), социјални услуги (4), правен совет (2).

Во 2024 година, Народниот правобранител постапуваше по 182 предмети од областа работни односи, за разлика од 2023 година, кога тој број изнесуваше 267 предмети, што значи дека за 85 претставки е намален бројот на поднесените претставки.

***Комисија за спречување и заштита од дискриминација*** (КСЗД или Комисијата), согласно законската обврска го подготви Годишниот извештај за 2024 година во кој извештај ги презентира постигнувањата и реализираните активности.[13]

---

[12] https://ombudsman.mk/CMS/Upload/NarodenPravobranitel/upload/Godisni%20izvestai/GI-2024/GI-2024.pdf

[13] https://kszd.mk/wp-content/uploads/2025/04/%D0%93%D0%BE%D0%B4%D0%B8%D1%88%D0%B5%D0%BD-%D0%B8%D0%B7%D0%B2%D0%B5%D1%88%D1%82%D0%B0%D1%98-2024-K%D0%A1%D0%97%D0%94.pdf

Во текот на 2024 година КСЗД работеше на вкупно 485 предмети за заштита од дискриминација, од кои 403 нови отворени во 2024 година и 78 предмети пренесени од претходната 2023 година. Од новите 403 предмети, 405 се претставки поднесени од граѓани и организации, а останатите два се постапки кои КСЗД ги поведе по службена должност.

Најголем број претставки се поднесени за заштита од дискриминација врз основа на национална или етничка припадност (27%), а потоа следат друга основа, друго уверување, лично својство и општествен статус, политичко уверување, образование и пол, а во помал број и врз останатите основи на дискриминација. Жените почесто од мажите пријавиле дискриминација врз основа на пол, род, образование, возраст и семејна или брачна состојба, додека мажите почесто од жените поднеле претставки за заштита од дискриминација врз основа на боја на кожа, потекло, сексуално ориентација, припадност на маргинализирана група, државјанство и попреченост.

Во поглед на областите, најмногу претставки се поднесени за заштита од дискриминација во областа на работата и работните односи (39%), а поднесени се и пријави и во областите членување и дејствување во синдикални и други организации, потоа јавно информирање и медиуми, образование, наука и спорт и други, пристап до добра и услуги, правосудство и управа во други области.

Комисијата, во 2024 година, одржа 24 седници на кои се донесоа 316 одлуки по предмети за заштита од дискриминација, од кои, 48% се мислења по спроведена постапка за утврдување на дискриминација, а 52% се заклучоци за отфрлање на претставки, односно за непостапување или запирање на постапката. Најмногу од претставките беа отфрлени заради неуредност на поднесокот или немање законска надлежност за постапување од КЗСД. Од предметите за кои КСЗД донесе мислење по спроведена постапка за утврдување на дискриминација, во 56 случаи или 37% се утврди дискриминација, а во 96 случаи или 63% не се утврди дискриминација.

***Државна комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) -*** за претседателка на ДКСК е избрана жена, исто како и во претходниот состав, од вкупно 7 членови, сега се 4 жени. Секретаријатот вкупно брои 49 вработени, а од нив 34 се жени или 69,39%.

ДКСК со поддршка на Мисијата на ОБСЕ во Скопје, во период од август до ноември 2024 година, согласно Методологијата за родови партиципативна ревизии на Меѓународната организација на трудот, спроведе проценка на своето работење од родова перспектива, за што е изготвен извештај. Проценката се фокусира на родовата перспектива во работењето и функционирањето на ДКСК во делот на организациските структури, политиките на работното место, техничкиот капацитет, како и родовата перспектива во програмите и активностите на комисијата.

## V. ***Развојот на родовата еднаквост на локално ниво***

Овој дел од извештајот е подготвен врз основа на доставените Извештаи од Единиците на локална самоуправа од 81 општини, од кои само 56 општини доставиле годишен извештај, и со тоа ја исполниле законската обврска во согласност со ЗЕМЖМ.

Во 2024 година 7 Единици на локалната самоуправа во насока на унапредување на родовата еднаквост во извештајот немаат специфицирано кои конкретни мерки ги имаат преземено додека 25 општини немаат доставено воопшто Извештај.

На локално ниво, во согласност со ЗЕМЖМ, формирани се комисии за еднакви можности на жените и мажите во општинските совети и назначени се координатор(к)и за еднакви можности на жените и мажите во општинската администрација (КЕМ) . Членовите на КЕМ во општините се избраните советници и составот се менува секои четири (4) години. Останува трендот на ниско ниво на реализација на одржани состаноци на годишно ниво на КЕМ.

Својствено за повеќето општини е тоа што надлежностите на координатор(к)ите и на заменик-координатор(к)ите за еднакви можности на жените и мажите, не се утврдени со актот за систематизација на работните места во единиците на локалната самоуправа.

Сеуште постои стереотипот во однос на позицијата (работно место) координатор(к)а која се перципира како „женски“ домен како на локално така и на централно ниво помеѓу интерната институционална соработка.

Министерство за социјална политика, демографија и млади во почетокот на 2025 година, спроведе Онлајн Анкетен Прашалник за состојбите во ЕЛС и ОДУ во текот на 2024 година со неколку прашања, каде што можеме да издвоиме:

Од одговорите на анкетниот прашалник може да се повеќе категории на квантитативни и квалитативни податоци. Податоците од анкетниот прашалник беа поделени во две групи, односно, прашања наменети за Единиците на локална самоуправа (ЕЛС) и Органи на државна управа. (ОДУ) Прашалникот вклучуваше прашања од демографски, информативни и аналитички карактер. Резултатите од прашалникот беа анализирани сублимирани и резултатите се следни:

Во однос на одговори на ЕЛС беа евидентирани следните одговори: од вкупно 65 евидентирани записи 46 одговори се од припадници на ЕЛС односно. Во врска со прашањето за систематизирано работно место координатор/ка за родова еднаквост со утврдени одговорности и надлежности , 10 одговориле дека имаат систематизирано работно место. Програма, Стратегија, акциски план или оперативен план од областа на родовата еднаквост дури 36 единици одговориле позитивно. За реализирани проекти, активности или мерки од областа на родовата еднаквост во текот на 2024 година, 35 испитаници одговориле позитивно, додека за посебна издвоена ставка за финансирање на проекти, активности или мерки поврзани со родовите прашања 37 ЕЛС одговориле имаат издвоено од нивниот буџет. Од вкупно 352 раководни позиции во Единиците на локална самоуправа (ЕЛС), жени на раководни позиции се 188 односно додека 164 се мажи. Од вкупно 286 членови на управни одбори на Единиците на локална самоуправа 143 се жени а исто така 143 се мажи.

***<u>Добри примери од ЕЛС:</u>***

**Општина Крива Паланка** како главна задача за 2024 година е насочена кон целосно вклучување, интегрирање на родовата перспектива во стратешкото планирање и оперативно програмирање, на локалните политики и буџетска алокација на средства, согласно „Родово одговорна Стратегија за одржлив развој на Општина КРИВА ПАЛАНКА 2022-2027“. Воведувањето на родовиот концепт во стратешкото (долгорочно) и годишното (краткорочно) оперативно планирање, програмирање и буџетирање е процес со кој се стремиме да обезбедиме жените и мажите да имаат еднаква улога во донесувањето одлуки за развојот на заедницата, односно да имаат еднаков пристап и контрола врз ресурсите и да уживаат еднакви добра од развојот и подобрувањето на условите за живот во општината.

Општина Крива Паланка се грижи за целосно вметната родовата компонента во севкупното работење; Подобрување на економската состојба на жените жители на градот и руралните подрачја; Економска помош на семејствата кои имаат ученици (месечни стипендии) и за студенти субвенциониран превоз; Анализа на податоци на сите услуги кои ги има испорачано Општина Крива Паланка во текот на 2024 година.

Дел од Програмските мерки се следните: Доделување парична помош за новороденчиња; Еднократна парична помош за лица кои се во социјален ризик: Еднократна парична помош за болни и изнемоштени лица; Еднократна парична помош за лица со попреченост; финансиска помош за летување на деца од социјално загрозени семејства; Субвенција за купување на велосипеди, дигитални уреди за невработени лица до 29 години и дигитални уреди за студенти; формирање на Локален младински совет; Учеството на млади во процесот на Родово одговорен буџетски форум; училишни униформи во училиштата; Стипендии за спортисти и за талентирани ученици.

Општина Крива Паланка заедно со ОО Црвен Крст имплементира проект “Дневен центар за стари лица со активно стареење ” во просториите на ОО Црвен Крст. Центарот за активно стареење брои 50 корисници од кои 37 се жени, а 13 се мажи во 2024 година и двајца вработени координатор и Асистент на координаторот- 2те жени.

Социјална услуга, помош и нега во домот за стари и изнемоштени лица-ОО Црвен Крст Крива Паланка има вкупно обучени негувателки 62, 61 жена и еден маж од кои активни се 40 односно 39 жени и еден маж. Активни корисници за 2024 година се 102 лица од кои 74 жени и 28 мажи.

Од преземените иницијативи издвојуваме: Превенција и влијание во намалување на семејното насилство; Превенција и влијание во намалување на врсничко насилство – булинг; Унапредување на социјалната услуга, помош и нега во домашни услови; Унапредување на капацитетите и нивото на информираност на локалната бизнис заедница за пристап до капитал.

За прв пат во државата формиран е Совет на лицата со попреченост, како советодавно тело на Советот. Со реализација на проектот “Пристапна и отворена општина” што го спроведува Здружението “Хендикеп плус” во соработка со Општина Крива Паланка и со финансиска поддршка од страна на Бугарската агенција за помош и развој на локалните политики се креираат, согласно обврските од Конвенцијата на правата на лицата со попреченост.

Во текот на 2024 година административни службеници од општината се вклучени во проектот “Зајакнување на капацитетите за искористување на ресурсите”, подржан од USAID, а “општина на дланка” е кампањата подготвена  во рамки на проектот во соработка со Министерството за локална самоуправа.

Општината има соработка со Сојуз-Национален Совет за Родова Рамноправност, Асоцијација за Демократски иницијативи, Полио Плус-движење против хендикеп и Општина Крива Паланка; Потпишан меморандум за соработка со општествено одговорна компанија Макпетрол со што Општина Крива Паланка се вклучи во кампањата СТОП за врсничко насилство.

**Општина Демир Капија** учествува финансиски во формирањето на првиот регионален советувалишен центар за помош и поддршка на жртви на родово базирано и семејно насилство со седиште во Кавадарци во чие што формирање учествуваат општините Кавадарци, Неготино, Росоман и Демир Капија. Општина Демир Капија учествува со износ од  50.000,00 денари.

Со посебна ставка за родова еднаквост во Буџетот на Општина Демир Капија се предвидени средства во износ од 300.000,00 денари. Со нив треба да се спроведе Програмата за еднакви можности на Општина Демир Капија за 2024 година. Реализација на програмата за еднакви можности е делумно реализирана од страна на ОЖ Женско лоби Демир Капија кои се пријавија на јавниот повик со проект со вклучени активности со наслов: Унапредување на граѓанското учество во креирање на родово одговорни политики во општина Демир Капија кој се реализира со средства во износ од 156.000,00 денари.

Реализација на програмата за еднакви можности преку јавен повик каде што може да се пријавуваат невладини организации за реализација на програмата.

- Постојано следење на програмите и извештаите на институциите под надлежност на локалната самоуправа за спроведување и унапредување на принципот на еднакви можности,

- Воведување на принцип на еднакви можности при спроведување на проекти од областа на социјалата ˝Општинско корисна работа˝  финансиран од UNDP, беа ангажирани 3 жени.

Во текот на 2024 година, беше активен проектот ”Јавни работи” организиран преку Агенција за вработување. Во проектот беа вклучени лица во социјален ризик кои беа задолжени за одржување на хигиената на територијата на општина Демир Капија и дел од институциите кои што се во склоп на општината. Преку овој проект беа ангажирани 8 лица од кои 5 мажи и 3 жени.

Воспоставување на современи социјални услуги во заедницата во општина Демир Капија. Општина Демир Капија во соработка со Здружението Хуманост (кој е давател на услуги) во рамките на Проектот за подобрување на социјалните услуги на Министерството за труд и социјална политика и финансиски поддржан од Светска банка, потпиша договор за грант за развој на услугата помош и нега во домот. Услугата се состои од: Услуга во домот-Центар за помош и нега во домот во Општина Демир Капија. Преку оваа услуга вработени се 14 негувателки и 1 координатор на проектот (30 корисници за период од 12 месеци од кои 21 жени и 9 мажи).

Општина Демир Капија во соработка со здружението Хуманост и согласно податоците од мапирањето во периодот започна со давање на услугата живеење со поддршка на лица со

попреченост. Услугата ќе има за цел да придонесе за независно и самостојно живеење на 15 лица со попреченост и нивно активно и рамноправно учество во заедницата и во општеството во целина (10 жени и 5 мажи). За испорака на оваа услуга ќе се овозможи вработување на 15 лица (невработени лица од кои 14 жени и 1 маж, лица со стручна квалификација кои ги имаат потребните компетенции и вештини.

Општината има успешна соработка во областа на еднакви можности со владини и невладини организации, како што се Комисија за еднакви можности во Парламентот на РСМ, Комисии за еднакви можности од други општини како на пример Св. Николе, Неготино, Кавадарци, Штип итн., соработка со невладина организација ОЖ Женско лоби , Организација на жени Св. Николе, со шведската фондација Квинна тилл Квинна, со здружение Хуманост – Скопје, Соработка и организирање на трибина во соработка со Регионалниот советувалишен центар за помош и поддршка на жртви на родово базирано и семејно насилство.

**Општина Гевгелија** преку Програмата за активностите во областа на социјална заштита воспостави мерка – еднократна парична помош за жени жртви на насилство, каде што 5 жени жртви на семејно насилство доставија барање за исплата на помошта. Во 2024 година почнат е процесот за подготовка на Стратегијата за еднакви можности за жените и мажите во соработка со UN Women, кој што ке трае и во 2025 година.

Општината има усвоени 7 родово сензитивни буџетски програми за 2024 година: Програма за активности во областа на еднаквите можности на жените и мажите; Програма за финансирање програми и проекти од областа на културата; Програма за финансиска поддршка на спортските активности во општината; Програма за активностите во областа на социјалната заштита; Програма за работа на Локалниот младински совет на Општина Гевгелија, Општина Гевгелија и службеникот за млади во делокругот на младите; Програма за спроведување на општите мерки за заштита од заразни болести и Програма за одбележување значајни настани и истакнати личности со спомен обележја за период од 5 години.

Општината во рамките на унапредување на еднаквите можности на жените и мажите соработува со UN Women Скопје, ЕХО – Едукативно хуманитарна организација од Штип, Регионален центар за одржлив развој – Гевгелија, Меѓуопштинскиот центар за социјална работа – Гевгелија.

Од буџетот на општината се одделени 160,000 денари за унапредување на еднаквите можности, додека иницијативите во Програмите за 2024 година имаат реализација од 80%.

**Општина Пехчево** има донесено Програма за еднакви можности на мажите и жените за 2024 година и води прибирање на полово разделени податоци во општината, комуналното претпријатие, основното училиште, матичната библиотека и домот на култура и има изработен документ за полово разделени податоци.

Општината има реализирано проект преку повикот на Министерство за социјална политика , демографија и млади за Општинска корисна работа, за ангажирање на 10 невработени лица, 30 работни денови, од кои 8 беа жени и 2 беа мажи; беа поделени 192.000,00 денари од страна на АВРСМ и 48.000,00 денари од општината. Од буџетот на општината за реализирање на програмата за еднакви можности меѓу мажите и жените предвидени се средства во износ од

20.000,00 денари за 2024 година. Како дел од активностите реализирани во 2024 година се: Активноста за парична помош за сите првачиња запишани во ООУ „Ванчо Китанов“, од 28 запишани, 15 се женски и 13 се машки ученици и беа реализирани износ од 84.000,00 денари од буџетот на општината;Активноста за секое новородено дете, опфатени се 24 деца од кои 17 се женски и 7 машки; поделен износ од 120.000,00 денари од буџетот на општината.

Општина Пехчево во рамките на активностите за унапредување на еднаквите можности на мажите и жените соработува со НВО Организација на жените- Пехчево и Организација на жени - Делчево.

**Општина Тетово** има долгогодишна соработка со организацијата ,,Форум на жената,, од Тетово заедно учествувавме во претставувањето и промоцијата на формирањето на новата национална мрежа ,, Жените за Жените,,. Соработка со ,,Cortex,, Тетово здружение кое се занимава со психосоветување на жртвите од семејно насилство; општината има одделени финансиски средства за поддршка.

**Општина Аеродром** за напредокот на состојбата на еднаквите можности за жените и мажите во текот на 2024 година преземени се следниве активности:

Општината започна со изградба на нова детска градинка ,, Изворче” која ќе може да прифати бројка од 200 дечиња.

Во текот на 2024 општината ги стартуваше градежните работи за доградба на основното училиште „Блаже Конески“, за првпат ќе добие 18 нови училници.

Едукативна активност „Заедно за подобро утре“, поддршка на проекти за унапредување и зачувување на менструалната или репродуктивното здравје на жените.

Енергетски ефикасно ЛЕД осветлување од кое бенефит имаат 1520 ученици.

Еднократна парична награда на сите најдобри ученици, вкупно 8 ученици од кои 2 жени и 6 мажи; и наставници во основните училишта, вкупно 8 наставници од кои 7 жени и 1 маж.

Користење на тениски терени од страна на жителите на Општина Аеродром Во текот на 2024 година тениските терени ги користеле 1590 жители од кои жени биле 581 (37%) и мажи 1009 (63%).

Проектот за набавка на таблет-уред беше транспарентно објавен преку јавен повик и ги опфати сите деца од четврто одделение, од вкупно 841 ученици девојчиња 373 и машки 468.

Меѓународниот фестивал „Гола Месечина“ предизвика голем интерес кај жителите на Општина Аеродром. Вкупната посетеност на овој фестивал во бројки беше 990, од кои 590 жени и 400 мажи. Што значи дека културните настани предизвикуваат зголемен интерес кај жените.

Финансиската поддршка на училишниот спорт е од голема важност за здрава млада популација, која треба да размислува и да работи за доброто на општината. Општината ги подржа преку Општинскиот сојуз на училишен спорт. Во текот на 2024 година во училишните спортови биле запишани 537 ученици од кои 241 девојчиња (44,89%) и 331 машки (51,51%).

Секој сектор во општината води посебно своја сопствена статистика и координаторот за еднакви можности ги прибира податоците од нив.

Во текот на 2024 година Општина Аеродром ја продолжи соработката со телото на Организацијата на Обединетите Нации за родова еднаквост и зајакнување на жените (UN Women), соработува со социјалните партнери и невладините организации кои се активни на полето на еднаквите можности на мажите и жените, како и со Здружението на единици на локалната самоуправа – ЗЕЛС.

**Општина Берово** има изработен е 3 годишен Акциски план, 2022-2025 за родова еднаквост; Стратегија за родова еднаквост на регионот Делчево, Берово и Пехчево за периодот 2023-2026 година; програма за еднакви можности меѓу жените и мажите на Општина Берово за 2025 година и дел од мерките предвидени во Програмата за 2024 година се реализирани, а дел се во постапка за реализација.

**Општина Кочани** согласно Локалниот акциски план за еднакви можности има одвоено од буџетот на општината средства од 360 000, 00 денари за реализација на активности, поддршка на женски спортски клубови со Програмата за спорт и стипендиите за млади надежни спортисти за 2024 година од 17 до 20 години од женска и машка конкуренција, и за реализација на кампот на млади информатичари во Кочани. Со иницијатива од општината е обезбедена специјалист уролог од Општа болница со проширена дејност - кој што ке врши редовно периодични уролошки прегледи на пациентите од Кочани, со што ке се намалат трошоците на пациентите и ке се намали времето на чекање. За напредување на еднаквите можности општината има склучено меморандум за соработка со Un Women, Здружението "Радар", Центарот за европски и граѓански иницијативи, Здружението "Секогаш соживот" од Прилеп, Центар за нега во домот, Центар за социјални иновации "Блинк 42-41".

**Општина Велес** во Програмата за активностите на Општина Велес во областа на социјалната заштита има посебно поглавје „Активности за Родова еднаквост". При креирањето на буџетот на Општина Велес по програми водено е сметка да се применуваат принципите на родово одговорно буџетирање. Покрај овие точно дефинирани средства, согласно динамиката на полнење на општинскиот буџет, при реализација на активности за родова рамноправност и еднакви можности се трансферираат средства и на граѓански организации од останатите Годишни програми на Општина Велес. (Годишна програма за: Поддршка на ГО, Образование, Здравствена заштита, Спорт и млади). Дополнителни обезбедени средства од донации од Граѓански организации и правни лица. Соработка со: Организација на жени, Актив на жени пензионерки, ОО на Црвен крст, Здруженија на лица со попречености, ЗЛЦП, Сојуз на слепи, Фондација Фокус, UNDP, UNWOMEN, ЗГ СОНЦЕ, Хабитат. Во реализација на проектот ОКР – образовни асистенти ангажирани се четири образовни асистенти (четири се жени) за четири ученика со посебни образовни потреби инклузирани во средното образование. За испорака на услугата помош и нега во домот ангажирани се 23 жени, 7 мажи. За услугата лична асистенција ангажирани се 14 жени 1 маж.

**Општина Битола** има подготвено Извештај за реализација на програмата за ЕМ 2024 и програмата за социјална заштита 2024, како и Стратегија за еднакви можности 2021-2026 и програма за еднакви можности 2025. Од буџетот на општината за унапредувањето на еднаквите можности на мажите и жените се одвоени средства во износ од 1.600.000,00 денари. Општина

Битола со сопствени средства го реализираше проектот "Формирање Регионален советодавен регионален центар за помош и поддршка на жртви на родово базирано и семејно насилство". Финансиските средства беа обезбедени од буџетот на општина Битола, од Програмата за родова еднаквост за 2024 година а целиот проект се реализираше во партнерство со Националната мрежа за жртви од семејно и родово базирано насилство, врз основа на потпишаниот Меморандум за соработка. Вкупната вредност на Проектот е 1 000.000,00 денари. На иницијатива на градоначалникот и претседателката на Советот и претседателка на КЕМ, Советот на општина Битола, донесе одлука за формирање Совет за поддршка на женско претприемништво на Општина Битола, заради поттикнување и поддршка на актуелните и потенцијалните жени претприемнички и во општината.

**Општина Василево** има реализирани активности како што се: Мажите и жените кои се самохрани родители не плаќаат месечен надоместок за дете во градинка; момчињата и девојчињата кои се родени 2006 година добија 50% субвенција за полагање на возачка дозвола од Б категорија; мажи и жени учествуваа во полагање за добивање лиценца во соработка со Црвен Крст, за нега на стари и изнемоштени лица.

**Општина Виница** потпиша меморандум за соработка со здружение Иницијатива на невработени интелектуалци ИНИ – Виница заради координација, соработка, планирање и реализација на активности за спроведување на проектот ‘’ Преку женски активизам и граѓански иницијативи до родово инклузивни општини ‘’ Соработка со компанијата Макпетрол во рамките на проектот “ Крени глас против врсничко насилство “ Општина Виница во согласност со програмата за образование за 2024 година за активноста „општински волонтерски акции“ објави јавен повик до општинските основни училишта и средното општинско училиште за доставување пополнети апликации за волонтерска училишна проектна акција од страна на тимови од 5 ученици/ученички под менторство на наставници/наставнички или вработени во стручната служба на училиштата (педагози, психолози, дефектолози, социолози, социјални работници и други). Повикот беше со напомена дека апликациите каде составот на тимовите од ученици нема да бидат родово сензитивни ќе бидат на почеток на оценувањето административно одбиени.

**Општина Врапчиште** во текот на 2024 година има склучено меморандум за соработка со центар за женски права “Етика“ Гостивар, во врска со згрижување на жртвите од родово – базирано и семејно насилство да можат да се згрижат во шелтер центарот во Гостивар, каде што ке добијат сместување и помош. Организирани се четири семинари на тема родово базирано насилство со Национален Совет на жени и со Центар за женски права “Етика“.

**Општина Дебар** има реализирани низа активности меѓу кои се: Дигитална самоодбрана, активност за родово сајбер насилство, во соработка Општина Дебар и СТЕЛА.; Одбележување на 8 март - Ден на жената; Работилница со жени и девојки за бесплатни здравствени услуги во соработка со РОМААЦТЕД, втора фаза ЕУ и Општина Дебар; Средба со ‘Новинари за човекови права’ и Комисијата за еднакви можности Дебар во врска со понатамошна соработка и потпишување Меморандум за активности; Средба со Un Women за понатамошна соработка и активности и потпишување меморандум; Организиран Марш за Розовиот октомври (месец на рак на дојка); Активност за менталното здравје, предавање за средношколци од страна на специјалист психолог (РОМААЦТЕД-ОПШТИНА ДЕБАР); Активност за “Здравјето и хигиената на

девојчињата“, организација од страна на Општината, основните училишта и НВО Новинари за човекови права.

**Општина Делчево** има изработен е Протокол за комуникација и еднакви можности помеѓу жените и мажите во Општина Делчево документ кој има за цел да го олесни процесот на комуникацијата на одговорното лице- координатор/ка за еднакви можности со внатрешната јавност, како и со надворешната јавност со цел навремена и точна комуникација со сите засегнати страни, да се олесни процесот на собирање родово разделени податоци во насока на анализа и согледување на потребите на жените и на мажите во Општината и соодветна реакција од службите во Општината.

Во партнерство со ЛМС Делчево и НВО ЖЕНА беше организирана едукативна работилница во рамки на одбележувањето на меѓународната кампања „16 дена активизам за борба против насилство врз жените“.

Општината врши редовно собирање родово разделени статистички податоци од институциите во Делчево и се користат при анализи за одредени состојби кои  јавно се објавени на веб-страницата.

Организирана дебата на тема „Врсничко насилство и негово спречување“, каде учествуваа членови на дебатниот клуб од СОУ „М.М.Брицо“, ученици од основните училишта „ Св. Климент Охридски “и „Ванчо Прке “. Настанот беше во организација на Организацијата ЖЕНА со поддршка на КЕМ и Интер секторското тело против семејно насилство на Општина Делчево.

Организација ЖЕНА е регистрирана за давање примарна правна помош за граѓаните кои ги исполнуваат условите согласно со Законот за бесплатна правна помош; во канцеларијата за психосоцијална поддршка работи психолог-гешталт.  Општина Делчево во партнерство со НВО Жена, активно се вклучи во реализацијата на Проектот: Заедно за просперитетна заедница“, Поддржан од Институт за истражување и анализа на политики-Ромалитико.

Во 2024 година отпочнавме со реализација на услугата за далечински мониторинг и дијагностика на пациенти кои не се во можност да ги посетуваат матичните лекари. Проектот е финансиран од Австриската агенција за развој и соработка, а во партнерство на НАЛАС. Во проектот се вклучени 4 матични лекари (3ж и 1м) кои со опремата за далечински мониторинг, овозможуваат следење на здравствената состојба на околу 300 пациенти годишно.

Како преземени иницијативи за инкорпорирање на принципот на еднакви можности на жените и мажите на координаторот и заменик-координаторката, се имплементираше родовиот аспект во 7 нови програми (кои Општината за прв пат ги донесува), а во нив се предвидени и родово одговорни мерки и активности. Исто така, согласно со предвидените мерки и активностите од Стратегијата за еднакви можности 2023-26 година  и Програмата за еднакви можности, во партнерство со НВО ЖЕНА, започна со работа Канцеларија за бесплатна правна помош и психосоцијална поддршка за жртви на семејно и др. вид насилство. Во Канцеларијата за бесплатна правна помош во периодот од април до ноември 2024 година е дадена примарна правна помош на вкупно 153 лица од кои на 106 жени, односно, 69% од случаите-биле жени. Најчесто примарна бесплатна правна помош е дадена во областа на социјалните права.

Во текот на оваа година продолжи соработката со UN WOMEN, за надградба на капацитетите на административните службеници и имплементација на родово одговорни компоненти, исто така продолжи партнерството со НВО „Бравура кооператива“ за реализација на проектот Клуб за социјална инклузија на лица со посебни потреби „Интегра“ и нега во домот на стари и изнемоштени лица.

Во Буџетот на Општина Делчево за 2024 година предвидени беа вкупно 60.000 денари за унапредување на еднаквите можности на жените и мажите.

За детска заштита и стимулативни мерки за ученици и студенти исплатени се вкупно 1.116.000 денари и тоа 355.000 денари по барања на 82 момчиња и 761.000 денари по барања од 105 девојчиња. Исплатата за оваа активност е извршена по следните основи: стипендии за ученици од социјално загрозени семејства, стипендии за ученици со просек, стипендии за ученици првенци на генерацијата, стипендии за студенти од социјално загрозени семејства, стипендии за студенти со просек, парична награда за 10 најдобри ученици од СОУ, парична награда за најдобри ученици Роми од ООУ и СОУ, парична награда за секое прваче и парична награда за секое новороденче.

**Општина Демир Хисар** е издвоена како една 10 – те Општини предложени да бидат вклучени во програмата за обука и менторство, после успешно аплицирање на Повикот кој беше објавен од страна на ЗЕЛС во партнерство со UN Women, а проценката е правена врз основа на резултатите, односно проценката се осврна кон капацитетите и потребите на Општините во склоп на Проектот: „Промоција на родово одговорни политики и буџети: кон транспарентно, инклузивно и договорно управување во РСМ – фаза 2” – кој е дел од програмата: „Промовирање на родово одговорно управување во Република Северна Македонија“.

Во актот за систематизација на работното место помлад референт - координатор за еднакви можности се утврдени надлежностите и задачите, од вкупно административни службеници 31, од кои 11 се мажи и 20 жени.

Преку Проектот кој се спроведува со поддршка на МСПДМ: „Помош и нега во домот“, Општина Демир Хисар во соработка со ОО Црвен крст даваат услуга за стари лица и лица со попреченост. Со имплементација на социјалната реформа, што воедно значи и приближување на социјалните услуги на локално ниво, граѓаните добиваат квалитетни услуги – согласно нивни индивидуални потреби, во нивните домови, онаму каде што живеат. Корисници на услугата, поделени по пол, и лица на кои им се дава помош, а се лица со попреченост, од вкупно 57 корисници на мерката 51 се жени и 24 се мажи.

**Општина Ѓорче Петров** има донесени следниве документи: Програма на Општина Ѓорче Петров во областа на еднаквите можности за 2023и 2024 година; Извештај за родова еднаквост за 2024; Стратегија за унапредување на родовата еднаквост 2024- 2027, и Програма за Социјална детска и здравствена заштита, програма за култура, образование предучилишно образование и воспитание, спорт и урбанизам и просторно планирање за 2024 год. Соработка со Комисијата за еднакви можности има соработка со: UN Women, Црвен крст на Република Северна Македонија, Национален совет за родова рамноправност, Центар за истражување и креирање на политики НВО, Здружение Праведни и професионални, и др.

Добра пракса беа активностите во врска со проектот на UN Women за изготвување на Стратегија за родова еднаквост за 2024-2027 год. Трибина за семејно насилство со НСРР. Активност ,, Со љубов против насилството , како и проектот ,, Премостување на родовиот и возрасниот на пазарот на трудот преку градење капацитети и промовирање на нови работни можности во прекуграничниот регион- СВС еквилајзер за пол и возраст на работните места.

Некои од мерките кои ги има преземено општината за унапредување на родовата еднаквост на мажите и жените: Одржани се работилници во врска со проектот на UN Women ,,Родово одговорно буџетирање"; Ликовен и литературен конкурс на тема ,,Со љубов против насилството"; Трибина за превенција од семејно насилство; Креирање на вонннаставни активности на сите основни училишта; Награди и признанија на талентирани и надарени ученици и наставници; Транспорт на стари лица и лица со попреченост во социјален ризик; Обезбедување помош и поддршка при самостојно живеење; Имплементација на ЛАП за вработување на Роми.

**Општина Могила** реализира мерка помош за стари и изнемоштени лица кои добија еднаква и рамномерна помош во повеќе аспекти од нивното живеење: помош во домот, набавка на продукти и намирници, медицински средства. Исто така е реализирана мерката предшколска подготовка на дечиња на возраст од 3,5 до 5,5 години, односно формирани се дисперзирани центри за ран детски развој на центарот во Могила и тоа уште во 2 населени места: Добрушево и Долно Српци.

**Општина Градско** во програмата за активностите во областа на образованието и Програмата за социјална заштита, заштита на децата и здравствена заштита предвидени се средства како финансиска поддршка за: -Студентски стипендии - во форма на плаќање на државната партиципација за студирање за деца од семејства во социјален ризик; -Обезбедување на стипендии за најдобар основец, средношколец и студент во времетраење од 9 (девет) месеци; -Бесплатна градинка.; -Остварување право на еднократна парична помош за новородено дете.; -Бесплатен оброк за сите деца од 1 до 5 одделение.

**Општина Лозово** усвои Програма за социјална заштита 2024 година со вредност од 760.000, 00 денари а реализирани 413.684,00 денари и Програма за еднакви можности 2024 година со вредност од 80 000,00 денари. Општина Лозово во соработка со УНДП односно со програмата Општинско -корисна работа го реализира проектот за помош и нега на стари, болни и изнемоштени лица и лицата со попреченост каде што подеднакво се опслужени и мажите и жените.

Општина Лозово има посебен Акциски план за унапредување на еднаквите можности на жените и мажите.

**Општина Неготино** има потпишано меморандум за соработка со UN Women, Биатлон Федерација за поддршка на жените во спортот, Визија од Кавадарци ,Организација на жени Св. Николе- Kvinna till Kvinna , Npwe, национална платформа за поддршка на женско претприемништво. Организирана Трибина за поддршка на жените во спортот со Биатлон федерација и Тркалезна маса за семејно насилство во соработка со Визија од Кавадарци.

**Општина Прилеп** во областа на унапредување на еднаквите можности соработува со ЗЕЛС, УСАИД, Здружение Локална Акциона Група АГРО ЛИДЕР, Finance Think, Станица П.Е.Т и Здружение на жени Преродба Прилеп.

Во соработка со Finance Think- Институт за економски истражувања и политики со се организираа работилници за Родово-одговорно креирање локални програми и буџет со цел зголемување на знаењето и капацитетите на учесниците за креирање програми и политики согласно различните потреби на жените и мажите во локалната заедница, како и мониторинг на постојните програми од родов аспект.

Во соработка со Локална Акциона Група АГРО ЛИДЕР реализирана е промоција на женско претприемништво и поддршка на жени-локални производители, ракотворци, автори и творци; иницијативи за намалување на родовиот јаз во руралните средини.

**Општина Пробиштип** во програмата за 2024 година имавме предвидено финансиски средства од 150.000,00 денари распределени за следните мерки и активности: Вклучување на родова перспектива во здравство преку подигнување на свеста за водење грижа за сексуално и репродуктивно здравје и за женско и машко здравје; Вклучување на родова перспектива во образованието преку едукативни активности и предавања во училишта за важноста и грижата за менструална хигиена и Промоција на еднаквост меѓу младите преку едукативни активности и предавања, кампањи и одбележување значајни датуми, Превенција и спречување на врсничко насилство (булинг) Превенција од насилство врз жени и девојчиња и семејно насилство. Овие програми преку јавен повик за проектни активности реализирани од Општинската организација Црвен Крст Пробиштип.

Во рамките на унапредување на еднаквите можности општината соработка има со: ЗЕЛС, Министерство за социјална политика демографија и млади, Министерство за образование, Министерство за култура, ЈУ Центар за социјална работа , ЈКП Никола Карев, ООУ Никола Карев, ООУ Браќа Миладиновци, СОУ Н. Н. Борче Пробиштип, ЈОУДГ Гоце Делчев Пробиштип, Здружение на пензионери, Општинска организација Црвен Крст Пробиштип, Планинарско друштво SLOW FOOD, ЈУ Дом на култура Злетовски рудар Пробиштип.

**Општина Центар Жупа** во соработка со Црвен Крст Дебар со кој има заеднички проект одобрен од Министерството за социјална политика, демографија и млади за давање на помош и нега на стари лица во домот од страна на обучени негувателки кои се ангажирани за продолжување на проектот за уште една година. Во овој проект ангажирани се повеќе жени а со тоа имаме придобивка од намалување на невработеноста кај жените и поголема вклученост на жени во работен однос. Исто така имаме нов одобрен проект во соработка со давател на услуга Црвен Крст ОО Дебар за отворање на центар за дневен престој на стари лица со активно стареење кој веќе започна со функционирање. Исто така има соработка со Невладина Организација Радика Де која продолжува и во 2025 година за поголема вклученост на жените во локалното управување со формиран огранок Центар Жупа и со нивни активности кои се реализираат заеднички со општината, посебно со активности за економско јакнење на жените.

**Општина Струмица** во Програмата за 2024 година како приоритетни области во локалната заедница на кои беа насочени активностите, се: Подобрување на економската положба на жените, Интеграција на еднакви можности во образование, спорт и култура,

Еднаков пристап до социјални и здравствени услуги и Екологија и климатски промени, Учество на жените во донесување одлуки Општина Струмица активно ги поддржува и соработува со невладините организации кои се активни на полето на еднаквите можности на мажите и жените.

Изработка на Акциски план со дефинирани активности кои ќе се реализираат со цел подигање на свеста за женско претприемништво и имплементација на истите

Дигитализација на земјоделство кај рурални жени – спроведување на истражување за нивото на дигиталната писменост кај ѓруралните жени во три населени места, имплементирање на обуки за користење на дигитални услуги за потребите на земјоделките и набавка на компјутерска опрема за поддршка на жени земјоделки за користење на платформа и е-услуги

Охрабрување на девојчињата за усовршување на техники на спортско качување – алпинизам;

Подигање на свеста за водење грижа за сексуално и репродуктивно здравје – подигање на свеста кај најмладата популација преку работилници, трибини за едукација на сексуално и репродуктивно здравје и обезбедување на хигиенски влошки во основните училишта;

Одбележување на 16 дена активизам против спречување на секаков вид насилство – организирање на настани со цел подигање на свеста за борба против семејно и секаков вид насилство;

Подигање на јавна свест на жени Ромки за услуги кои ги нуди Општина Струмица за семејно насилство – организирање на работилници, собири, трибини со цел подигање на свеста на жената Ромка;

Мобилизација на жени од локалните заедници за учество и влијание во процесите на буџетирање и одлучување – вклучување на жени од месните и урбаните заедници при давање на предлози, идеи и активности во креирање на буџетот на Општина Струмица и идентификување на нивните потреби и приоритети

Општина Струмица е прва општина во Република Северна Македонија која со сопствени средства отвори Шелтер центар за згрижување и заштита на жртвите на семејно насилство во општина Струмица. Врз основа на статистиките од Центарот за социјални работи и НВО од Општина Струмица, препознавајќи ги потребите на граѓаните/граѓанките увидовме нужна потреба за отворање на Шелтер центар во општина Струмица. На транспарентен начин беше објавен јавен повик за прибирање предлог проектна иницијатива за основање и започнување со работа на установа за социјална заштита “Шелтер центар за згрижување и заштита на жртвите на семејно насилство во Општина Струмица”. На повикот се јави Здружението на граѓани “Скај плус” од Струмица кои обезбедија сопствено учество преку меморандуми за соработка со општествено одговорни компании и тоа 50 % учество од вкупната сума од Општина Струмица 1.000.000,00 денари.

Како добар пример е дека во 2024 година се заокружи процесот на згрижување на жени жртви на семејно насилство, при што Општина Струмица даде на користење објект и истиот го пренамени со цел да функционира и Куќа за индивидуално живеење.

**Општина Свети Николе** има воспоставување на механизми за унапредување на рамноправност помеѓу жените и мажите во општина Свети Николе воспоставено систем за собирање на податоци, кој е доставен до релевантните институции и предвиден за месечно ажурирање.

Во текот на целата година, во соработка со невладини организации се спроведоа обуки на тема еднакви можности на жените и мажите, како да се спроведе овој концепт во програмите на буџетот итн., наменети за советници и општинската администрација.

Општина Свети Николе даде поддршка на невладини организации кои работат на полето на еднаквите можности и тоа: Организација на жените „Заедно да превенираме и да се бориме против рак на дојка 2025" и Граѓанска иницијатива на жените „Отвори го патот до женски центри 2", како и поддршка на женскиот ракометен клуб Овче Поле – Славјански универзитет „Спортот како лек против пороците на модерното општество". Реализиран е Проект „Општинско корисна работа – ОКР". Општина Свети Николе во соработка со Агенција за вработување, МСПДМ и УНДП има одобрено проект за 2024/2025 година.

Во 2024 година од преземените мерки, стигнат е следниов резултат: доделена финансиска помош на 144 жени и 75 мажи од општина Свети Николе; зголемен процент на информирани момчињата и девојчињата од општина Свети Николе за последици од зависностите преку работилниците кои се одржаа во СОУ „Кочо Рацин"; информирани жени во општина Свети Николе за ракот на дојка и информирани мажи во општина Свети Николе за ракот на простата.

## VI. *Заклучоци и препораки*

### *Заклучоци*

Во текот на 2024 година делумно беа обезбедени финансиски средства за спроведување на Стратегијата за родова еднаквост, и тоа на национално и на локално ниво. Започна процесот на изработка на новиот Акциски план за периодот 2025–2027 година.

Постојат напори за интегрирање на родовиот аспект преку примена на родови анализи, родово одговорно буџетирање и проценки на влијание врз политиките. Сепак, овие практики не се доследно применети во сите фази на процесот и во сите области на јавните политика како и од сите надлежни креатори на политиките.

Сè уште не постои систематизирано работно место за координатор и заменик-координатор за еднакви можности во сите органи на државната управа, што ја ограничува ефикасната имплементација на политиките за родова еднаквост.

Континуирано се спроведуваат активности за јакнење на институционалните механизми за родова еднаквост, особено преку реализација на Програмата на Ресурсниот центар за креирање родово одговорни политики и буџети.

Се спроведуваат активности за имплементација на Законот за спречување и заштита од насилство врз жените и семејното насилство, со фокус на градење капацитети и континуирана едукација на полицијата и центрите за социјална работа.

Родовите стереотипи за улогата на жените во општеството сè уште се широко распространети.

Учеството на мажите во процесите на одлучување останува доминантно, особено на локално ниво.

Се реализираат родово сензитивни активни мерки за вработување насочени кон жени од рурални средини, Ромски заедници и самохрани мајки. Меѓутоа, постои недостиг од ажурирани податоци за родовиот јаз во платите и вработеноста.

***Препораки***

Да се усвои и спроведе Акцискиот план за родова еднаквост за периодот 2025–2027 година, преку конкретни оперативни планови и мерки на сите надлежни институции, со јасно дефинирани обврски, индикатори, буџет и рокови.

Јавните политики, програми и буџети да се планираат и реализираат со задолжително вклучување на родова анализа, со цел да се следи и процени влијанието врз жените и мажите, како и да се обезбеди еднаков пристап и бенефит за сите.

Да се донесе Националната стратегија за превенција и заштита од родово базирано и семејно насилство, во согласност со Истанбулската конвенција, и да се обезбеди нејзина целосна и ефективна имплементација.

Да се зголеми ангажманот на медиумите во борбата против сексизам, говор на омраза и родови стереотипи, преку едукативни кампањи, известување базирано на родова сензитивност и промоција на позитивни примери за еднаквост меѓу жените и мажите.

Да се спроведуваат активности и политики за охрабрување, едукација и институционална поддршка на жените за поголемо учество во лидерски, управувачки и политички функции, со цел надминување на родовите нееднаквости во одлучувањето.

**Анекс-листа на ОДУ и ЕЛС кои доставиле годишни извештаи до Министерство за социјална политика, демографија и млади за 2024 година**

За 2024 година, годишни извештаи доставиле следните органи на државната управа (ОДУ) и единици на локалната самоуправа (ЕЛС):

| **Реден број** | **Единици на локалната самоуправа** | **Органи на државната управа** |
|---|---|---|

| | | |
|---|---|---|
| 1 | Општина Аеродром | Агенција за администрација |
| 2 | Општина Берово | Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги |
| 3 | Општина Битола | Агенција за заштита на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер |
| 4 | Општина Богданци | Агенција за планирање на просторот |
| 5 | Општина Боговиње | Министерство за односи меѓу заедниците |
| 6 | Општина Брвеница | Агенција за поттикнување на развојот на земјоделството |
| 7 | Општина Валандово | Агенција за храна и ветеринарство |
| 8 | Општина Василево | Агенција за цивилно воздухопловство |
| 9 | Општина Вевчани | Биро за развој на образованието |
| 10 | Општина Велес | Генерален Секретаријат |
| 11 | Општина Виница | Геолошки завод на Република Северна Македонија |
| 12 | Општина Врапчиште | Државен архив на Република Северна Македонија |
| 13 | Општина Гази Баба | Институт за јавно здравје на Република Северна Македонија |
| 14 | Општина Гевгелија | Ј.У. Завод за социјални дејности -Скопје |
| 15 | Општина Градско | Комисија за односи со верските заедници и религиозни групи |
| 16 | Општина Дебар | Министерство за економија и труд |
| 17 | Општина Делчево | Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство |
| 18 | Општина Демир Капија | Министерство за култура |
| 19 | Општина Демир Хисар | Министерство за надворешни работи и надворешна трговија |
| 20 | Општина Ѓорче Петров | Министерство за одбрана |
| 21 | Општина Желино | Министерство за спорт |
| 22 | Општина Јегуновце | Министерство за финансии |
| 23 | Општина Кавадарци | Секретаријат за законодавство |
| 24 | Општина Карпош | Центар за стручно образование и наука |
| 25 | Општина Кисела Вода | Центар за управување со кризи |
| 26 | Општина Конче | Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој |
| 27 | Општина Кочани | Државна комисија за спречување на корупција |
| 28 | Општина Крива Паланка | Министерство за внатрешни работи |
| 29 | Општина Кривогаштани | Агенција за катастар на недвижности |
| 30 | Општина Лозово | Министерство за образование и наука |
| 31 | Општина Македонска Каменица | |

| | | |
|---|---|---|
| 32 | Општина Македонски Брод | |
| 33 | Општина Могила | |
| 34 | Општина Неготино | |
| 35 | Општина Новаци | |
| 36 | Општина Ново Село | |
| 37 | Општина Пехчево | |
| 38 | Општина Пласница | |
| 39 | Општина Прилеп | |
| 40 | Општина Пробиштип | |
| 41 | Општина Радовиш | |
| 42 | Општина Ранковце | |
| 43 | Општина Ресен | |
| 44 | Општина Росоман | |
| 45 | Општина Сарај | |
| 46 | Општина Свети Николе | |
| 47 | Општина Сопиште | |
| 48 | Општина Струга | |
| 49 | Општина Струмица | |
| 50 | Општина Теарце | |
| 51 | Општина Тетово | |
| 52 | Општина Центар - Скопје | |
| 53 | Општина Центар Жупа | |
| 54 | Општина Чаир | |
| 55 | Општина Чучер Сандево | |
| 56 | Општина Штип | |